| 28 | Елена Димова Пантелиќ | Ликовно образование | | И.П. - Проекти од ликовно уметност | $6_{1,2,3,4}$<br>$7_{1,2,3,4,5}$<br>$8_{1,2,3,4}$<br>$9_{1,2,3,4,5}$<br>$9_{5}$ | | 4*1=4<br>5*1=5<br>4*1=4<br>5*1=5<br>1*2=2 | 20 |
| 29 | Димитар Гуновски | ФЗО | | И.П. - Спорт | $7_{1,2,3,4,5}$<br>$9_{2}$<br>$9_{2}$ | $9_{2}$ | 5*3=15<br>1*3=3<br>1*2=2 | 20 |
| 30 | Петре Жабев | ФЗО | | | $6_{1,2,4}$<br>$8_{1,2,3,4}$ | $6_{2}$ | 3*3=9<br>4*3=12 | 21 |
| 31 | Снежана Балова | ФЗО | | И.П. - Спорт | $6_{3}$<br>$9_{1,3,4,5}$<br>$9_{1,3,4}$ | $6_{3}$ | 1*3=3<br>4*3=12<br>3*2=6 | 21 |
| 32 | Александар Тодоровски | ФЗО | | | $5_{1,2,3,4}$<br>$2_{1,2,3}$ | | 4*3=12<br>3*3=9 | 21 |
| 33 | Љубенчо Ристов | ФЗО | | | $1_{1,2,3}$<br>$4_{1,2,3,4}$ | | 3*3=9<br>4*3=12 | 21 |
| 34 | Марјан Петров* | ФЗО | | | $3_{1,2,3,4,5}$<br>$2_{4}$<br>$1_{4}$ | | 5*3=15<br>1*3=3<br>1*3=3 | 21/6 |
| 35 | Наст. од друго училиште | Иновации | | | $9_{1,2,3,4,5}$ | | 5*1=5 | 5 |

| ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред.бр** | **Одделение** | **Наставник** | **Број на часови** |
| 1 | $I_1$ | 1.Зорица Адамчевска<br>2.Маја Стојановска | 20<br>20 |
| 2 | $I_2$ | 1.Маја Костова<br>2.Лидија Атанасова | 20<br>20 |
| 3 | $I_3$ | 1.Весна Брчкова<br>2.Замена за Весна Сугарева* | 20<br>20 |
| 4 | $I_4$ | 1.Соња Неделкова<br>2.Замена за Ленче Зографска* | 20<br>20 |
| 5 | $II_1$ | 1.Маја Камењарова<br>2.Славица Трајкова | 20<br>20 |
| 6 | $II_2$ | 1.Александра Мишкова<br>2.Благородна Јосимовска | 20<br>20 |
| 7 | $II_3$ | 1.Славица Петрова<br>2. Замена за пратеник - Анастасија Блажевски* | 20<br>20 |
| 8 | $II_4$ | 1.Орданка Петкоска<br>2.Христина Темелкова | 20<br>20 |
| 9 | $III_1$ | 1.Елена Тембелевска<br>2. Весна Јовевска | 20<br>20 |
| 10 | $III_2$ | 1.Јулијана Нацева<br>2.Наставник на определено - Маринела Пановска* | 20<br>20 |
| 11 | $III_3$ | 1.Марија Страхилова<br>2.Замена за директор - Сашка Боризова* | 20<br>20 |
| 12 | $III_4$ | 1.Јасна Трајковска<br>2.Маја Пасковска | 20<br>20 |
| 13 | $III_5$ | 1.Ивана Петровска<br>2.Донка Павлова | 20<br>20 |
| 14 | $IV_1$ | 1.Елизабета А.Митревска<br>2.Снежана Стојковска | 20<br>20 |
| 15 | $IV_2$ | 1.Невенка Ѓошева<br>2.Снежана Арсова | 20<br>20 |
| 16 | $IV_3$ | 1.Велика Милошевска<br>2.Андријана Јорданова | 20<br>20 |
| 17 | $IV_4$ | 1.Трајанка Илиева<br>2.Александра Наумова | 20<br>20 |
| 18 | $V_1$ | Рената Миновска | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | $V_2$ | Лидија Алчева Игновска | 20 |
| 20 | $V_3$ | Цветанка Велинова | 20 |
| 21 | $V_4$ | Вера Трчкова | 20 |

8.3. *Работа во смени*

Во ООУ „Блаже Конески“ за учениците од прво до четврто одделение е организиран продолжен престој во рамки на истата паралелка, кој се одвива од 7:30 до 15:00 часот. За учениците од петто до деветто одделение наставата се изведува во две смени: првата од 7:30 до 13:00 часот, а втората од 13:00 до 19:00 часот. Наставата се реализира во вкупно 42 училници, од кои 16 се специјализирани кабинети, а 23 се класични училници. Училиштето располага и со мини спортска сала, библиотека, полифункционален простор, сензорно-ресурсна соба, просторија за релаксација, како и сали за шах и пинг-понг.

8.4. *Јазик на кој се изведува наставата*

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 39 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 981 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 73 | / | / | / | / |

8.5. *Проширена програма*

Училиштето организира продолжен престој за учениците од прво до четврто одделение, при што во 17 паралелки ќе бидат опфатени вкупно 431 ученик, распоредени по паралелки со ученици од исто одделение. Наставата во рамки на продолжениот престој ќе ја реализираат 34 одделенски наставници, согласно распределбата на одделенското раководство, утврдениот наставен фонд и распоредот на часовите.

8.6. *Комбинирани паралелки*

Во ООУ „Блаже Конески“ – Велес нема комбинирани паралелки.

8.7. *Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Во училиштето се изучуваат два странски јазици: англиски и германски. Англискиот јазик се воведува како прв странски јазик уште од прво одделение и се изучува континуирано до деветто одделение, со неделен фонд од 2 или 3 часа, зависно од одделението.

Почнувајќи од шесто одделение, учениците започнуваат со изучување и на втор странски јазик, во обем од 2 часа неделно. Изборот на вториот странски јазик го прават родителите на учениците од петто одделение, преку спроведена анкета, а избраниот јазик се изучува до крајот на основното образование.

Во учебната 2025/26 година, како втор странски јазик во училиштето ќе се изучува германскиот јазик. Бројот на ученици по паралелки кои ќе го изучуваат германскиот јазик е прикажан во табелата подолу.

| Втор странски јазик за учебна 2025/2026 година | | |
|---|---|---|
| **Паралелка** | **Германски јазик** | **Вкупно ученици** |
| VI [1, 2, 3, 4] | 108 | 108 |
| VII [1, 2, 3, 4,5] | 114 | 114 |
| VIII [1, 2, 3, 4, 5] | 123 | 123 |
| IX [1, 2, 3, 4, 5] | 102 | 102 |
| **Вкупно** | **447** | **447** |

*8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*

Во насока на унапредување на квалитетот на наставата по физичко и здравствено образование, а во согласно со Законот за основното образование и оваа учебна година ќе продолжи реализацијата на тандем наставата за учениците од прво до петто одделение. Наставата ќе се изведува во соработка помеѓу квалификуван наставник по физичко и здравствено образование и одделенските наставници, со цел обезбедување поквалитетна, стручна и соодветна настава која ќе ги следи развојните потреби на учениците.

| Наставници кои реализираат тандем настава по физичко и здравствено образование | Александар Тодоровски<br>Љубенчо Ристов<br>Марјан Петров |
|---|---|

*8.9. Изборна настава*

Учениците од четврто до деветто одделение, во согласност со своите интереси, избираат изборни предмети со цел унапредување на своите знаења, вештини и компетенции. Училиштето нуди слободни изборни предмети кои се инклузивни, поттикнуваат родова еднаквост и, каде што е возможно, придонесуваат за развивање на интеркултурни вештини кај учениците. Овие предмети им овозможуваат на учениците продлабочување и проширување на знаењата во одредени области, практична примена на стекнатите теоретски знаења, како и откривање и развивање на личните интереси поврзани со идни професии и занимања. Наставните методи се прилагодени на овие цели и вклучуваат:истражувачки активности, лабараториска и екпериментална работа, работа на проекти,како и активности надвор од училницата во пошироката социјална и природна средина.

Во согласност со наставните планови, училиштето им овозможува на учениците, односно нивните родители, избор на изборни предмети. Кај учениците од прво до трето одделение, овие предмети се реализираат како слободни активности што ги организира одделенскиот наставник во координација со учениците. За учениците од четврто до деветто одделение, училиштето понуди изборни предмети усогласени со релевантните документи. Така, учениците од четврто до седмо одделение избираа предмети според насоките од новата Концепција за основно образование и Водичот за слободни изборни

предмети, додека учениците од осмо и деветто одделение ги избираа своите предмети согласно со Наставниот план и програма за деветгодишно основно образование за учебната 2025/2026 година.

Во табелата се прикажани изборните предмети за учениците од четврто до деветто одделение.

| Изборни предмети за учениците од IV, V, VI, VII и VIII одделение | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија I**<br>Изборни предмети за проширување/ продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети | **Категорија II**<br>Изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети | **Категорија III**<br>Изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците | **Категорија IV**<br>Изборни предмети од спортско-рекреативен карактер |

| **Одд.** | **Изборни IV и V** | |
|---|---|---|
| IV – 1 | Природните убавини на мојата татковина | Градење на интерперсонални односи |
| IV – 2 | | |
| IV – 3 | | |
| IV – 4 | | |
| V – 1 | Цртање, сликање и вајарство | Природните убавини на мојата татковина |
| V – 2 | | |
| V – 3 | | |
| V – 4 | | |

| **Одд.** | **Изборни VI и VII** | | **Одд.** | **Изборни VIII и IX** | |
|---|---|---|---|---|---|
| VI – 1 | Техничко цртање и дизајн | Архитектура и градежништво | VIII – 1 | Класична култура 2 | Жените низ историјата |
| VI – 2 | | | VIII – 2 | | |
| VI – 3 | | | VIII – 3 | | |
| VI – 4 | | | VIII – 4 | | |
| VII – 1 | Жените низ историјата | Воспитување преку параболи, мудри изреки и приказни | IX – 1 | Спорт | |
| VII – 2 | | | IX – 2 | | |
| VII – 3 | Воспитување преку параболи, мудри изреки и приказни | Жените низ историјата | IX – 3 | | |
| VII – 4 | | | IX – 4 | | |
| VII – 5 | | | IX – 5 | Проекти од ликовна уметност | |

*8.10. Дополнителна настава*

Дополнителната настава се спроведува со цел да им се овозможи на учениците полесно да ги совладаат содржините и вештините кои, од различни причини, не успеале да ги усвојат во рамките на редовната настава. Училиштето ќе ја организира оваа настава за ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка по одредени наставни предмети, со цел да ги достигнат очекуваните образовни резултати. Дополнителната настава може да биде иницирана од страна на ученикот или неговиот родител, како и по препорака на наставникот. Планирањето на наставата го извршува наставникот врз основа на индивидуалните потреби на учениците.

Овој вид настава се реализира во текот на цела учебна година, а доколку е потребно, и по нејзиното завршување, во форма на продолжителна настава. Секој наставник може да организира дополнителна настава со ученици во траење од еден до два часа неделно, според потребите. Родителите и учениците се информираат навремено за термините и распоредот, кој е достапен на веб-страницата и на огласната табла на училиштето. Наставниците се должни да водат детална евиденција и документација за реализацијата, редовноста и напредокот на учениците, за што родителите редовно се известуваат.

*8.11. Додатна настава*

Додатната настава се организира со цел понатамошно унапредување и продлабочување на знаењата и вештините кај учениците кои покажуваат натпросечни резултати, континуирана мотивираност за учење и се истакнуваат со особени способности, таленти и надареност во одредени наставни предмети. Таа е наменета за стимулирање на нивниот понатамошен развој, овозможувајќи им да истражуваат и надградуваат знаења над рамките на редовната наставна програма.

Овој вид настава се реализира во слободното време на учениците, согласно со нивните интереси, афинитети и желба за дополнителен ангажман. Наставата се спроведува врз основа на однапред дефинирани програмски содржини, кои се прилагодени на нивото на знаење и потребите на учениците, со цел нивно активно вклучување во напредни активности, натпревари и други форми на едукација кои бараат повисоко ниво на компетенции.

За реализација на додатната настава се изготвува детален распоред, кој е транспарентно објавен на веб-страницата на училиштето и поставен на огласната табла, со цел родителите и учениците навремено да бидат информирани за времето, местото и содржината на наставата. Наставниците задолжени за спроведување на оваа настава се должни да водат евиденција за присуството, активноста и напредокот на учениците, како и за вкупната реализација на програмата. Со тоа се овозможува континуирано следење на развојот на надарените ученици и обезбедување поддршка за нивниот понатамошен успех и афирмација.

*8.12. Работа со надарени и талентирани ученици*

Секое дете заслужува можност да напредува во согласност со своите индивидуални способности, интереси и потенцијали. Работата со надарени и талентирани ученици претставува значаен и составен дел од современиот воспитно-образовен процес. Таа бара систематски пристап, професионална посветеност и дополнителен ангажман од страна на наставниците и стручната служба. Идентификацијата на надарените и талентираните ученици ќе се реализира преку организиран процес кој вклучува: набљудување на учениците во текот на наставата, анализа на нивните постигнувања и интереси, разговори со родителите и учениците, како и примена на професионални критериуми за препознавање на различни видови таленти (академски, уметнички, логички, креативни, спортски и други). За спроведување на ова ќе се изготви Процедура од училишен тим во кој ќе биде вклучена стручната служба, одделенските и предметните наставници. Процесот на идентификација ќе се спроведе најдоцна до крајот на првото тромесечје.

По извршената идентификација, училиштето ќе подготви годишна програма со активности за работа со надарените ученици. Во неа ќе бидат вклучени различни форми

на дополнителна едукација, креативни и истражувачки проекти, учество во натпревари, дебати, работилници и презентации во јавноста. Програмата ќе вклучува и активности што ќе ја поттикнуваат самостојноста, логичкото и критичкото размислување, креативноста и истражувачкиот дух кај учениците. Работата со надарени ученици ќе се одвива во текот на целата учебна година, преку воннаставни и наставни активности, во редовни часови и во рамки на секции и клубови. Наставниците ќе применуваат диференцирани и индивидуализирани методи и техники, кои ќе овозможат напредување на секој ученик според сопствените можности и интереси. За реализацијата на програмата се одговорни наставниците кои ги предводат активностите, како и стручните соработници кои ја следат динамиката, напредокот и резултатите на учениците. Директорот на училиштето обезбедува организациска и логистичка поддршка, вклучително и соработка со надворешни институции и организации кога тоа е потребно. Редовното следење, евалуација и евидентирање на напредокот кај овие ученици ќе се врши преку менторска поддршка, индивидуални планови за развој и анализа на резултати од учество на проекти, натпревари и други активности. Преку оваа програма, училиштето ќе создаде поддржувачка и стимулативна средина за развој на потенцијалите на секој надарен и талентиран ученик.

*8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби*

Училиштниот инклузивен тим, преку својата годишна програма за работа, планира и реализира активности насочени кон унапредување на инклузивните практики на ниво на целото училиште. Сите активности се усогласени со воспитно-образовната дејност и имаат за цел создавање инклузивна клима, во која секој ученик ќе биде прифатен, поддржан и вреднуван.

Членови на училиштниот инклузивен тим се:

* директорот на училиштето,
* специјален едукатор и рехабилитатор,
* психологот,
* двајца наставници, еден одделенски наставник и еден предметен наставник
* двајца родители.

Во текот на учебната година, ќе функционираат и инклузивни тимови за поединечни ученици. Во нив членуваат: одделенски и предметни наставници, дефектолог, психолог или педагог, како и родителот на ученикот. На почетокот на учебната година, овие тимови изготвуваат индивидуална образовна програма (ИОП) или модифицирана програма за секој ученик со попреченост, согласно препораките добиени од Стручното тело за проценка според МКФ (Меѓународна класификација на функционирање).

Наставниците, во соработка со стручната служба, ќе ги прилагодат:

* воспитно-образовните цели и задачи,
* методите и формите на работа,
* дидактичките материјали и наставните содржини.

Овие прилагодувања ќе бидат направени така што ќе одговараат на индивидуалните можности, стилови на учење и потреби на ученикот, при што ќе се поттикнува неговиот целокупен развој и активно учество во наставата. Оценувањето на учениците со

попреченост ќе се врши според нивната индивидуална или модифицирана програма. Ќе се користат прилагодени алатки, како што се усмени и писмени проверки, адаптирани наставни листови и тестови. Пристапот ќе биде флексибилен и поддржувачки, со цел реално да се следи напредокот и да се обезбеди чувство на успех и мотивираност кај ученикот. Во текот на оваа учебна година, во училиштето се евидентирани пет ученици со попреченост, за кои ќе се изработат индивидуални програми и ќе се обезбеди континуирана поддршка.

Покрај тоа, инклузивниот тим ќе подготви програми и активности за поддршка и на:

* ученици со нарушувања во однесувањето и емоционални проблеми,
* ученици со специфични тешкотии во учењето (дислексија, дискалкулија и др.),
* ученици кои потекнуваат од социјално, економски, културно или јазично депривирани средини.

Овие програми ќе вклучуваат индивидуално советување, едукативни работилници, поддршка преку инклузивни наставни практики, како и соработка со родителите и надворешни стручни лица кога е потребно.

### *8.14. Туторска поддршка на учениците*

Во учебната 2025/26 година во нашето училиште не е предвидено организирање и реализација на Програмата за туторска поддршка на учениците.

### *8.15. План на образовниот медијатор*

Во нашето училиште оваа учебна година не се планирани активости за образовен медијатор бидејќи нема ученици кои имаат потреба од него.

## 9. Воннаставни активности

### *9.1. Училиштни спортски клубови*

| **Целосен назив** | **Училиштен спортски клуб „Блаже Конески“ Велес** |
|---|---|
| **Кратко име** | УСК „Блаже Конески“ Велес |
| **Седиште** | Љубљанска бр.1, Велес |
| **Датум на основање** | 10.3.2014 година |
| **Организациски облик** | Спортско здружение |

Податоци за субјектот

| **Име и презиме на одговорните наставници** | |
|---|---|
| **1** | Снежана Балова |
| **2** | Димитар Гуновски |
| **3** | Петре Жабев |
| **4** | Љубенчо Ристов |
| **5** | Александар Тодоровски |

Здружението, УСК „Блаже Конески“ – Велес е формирано со цел остварување заеднички јавен интерес за организирано занимавање со спорт и спортски активности на учениците во ООУ „Блаже Конески“ – Велес.

Како посебни цели и задачи на УСК се:

* Поттикнување, омасовување и развој на спортот во училиштето;
* Развивање и усовршување систем на натпревари на училишните екипи;
* Водење грижа за здравствената заштита на спортистите – членови во Клубот;
* Стимулирање на развојот на секциите и спортските школи во рамките на Клубот;
* Стручно усовршување на своето членство;
* Соработување со други спортски организации, секции и клубови;
* Афирмација на спортот во училиштето, Општината и пошироко.
* Како конкретни цели на УСК се издвојуваат:
* Примена на посебни форми и активности кои стимулираат јакнење на мускулната маса и развој на аеробни способности кај учениците –членови на УСК,;
* Се влијае врз развојот на психомоторните способности;
* Создавање услови за поврзување на моторичкото знаење и умеење во моторички целини;
* Задоволување на потребите на учениците низ училишниот спорт, задоволувајќи ги нивните биотички мотиви изразени преку игра, натпревари и спортски резултати;
* Развивање чувство на спортска борба и фер-плеј, социјализација и дружење.

Видови спортови

Во рамките на УСК активни се спортските екипи за ракомет, кошарка, одбојка и фудбал. Во екипите членуваат ученици од VI – IX одд. Членувањето во УСК е на доброволна основа.

Финансирање на УСК

УСК „ Блаже Конески“ – Велес е непрофитна спортска организација.

За остварување на поставените цели и задачи, УСК може да стекнува приходи од:

* Донации,
* Спонзорство,
* Општина Велес.

Користењето и располагањето со средствата се врши на начин утврден во Статутот и Правилникот за финансирање на УСК.

Време на реализација, настапи, турнири

Оваа вонпаставна активност ќе се реализира два пати неделно, меѓу смените, во текот на целата учебна година.

Екипите од наведените колективни спортови ќе учествуваат на општински, зонски, регионални и државни натпревари во зависност од резултатите кои ќе ги постигнат. Исто така, ќе учествуваат на турнири организирани по различни поводи.

*9.2. Секции/Клубови*

Секциите претставуваат подолготрајни вонаставни активности кои се одвиваат еднаш неделно и се формираат со цел да ги задоволат потребите на група ученици кои имаат заеднички интереси. Во рамките на секцијата, целата група ученици активно и континуирано учествува во различни активности поврзани со нивниот интерес.

Во училиштето ќе се формираат повеќе секции, насочени кон различни интересни области, а нивната реализација ќе биде во надлежност на наставниците кои ќе ги водат овие активности. Дополнително, доколку е потребно, во работата на секциите ќе се вклучат и други наставници, родители, како и членови од стручната служба на училиштето, со цел да се овозможи што поквалитетна и поцелосна поддршка на учениците.

Секциите се организираат во неколку главни категории, кои ги опфаќаат следниве области:

* **Секции за проширување и продлабочување на наставните содржини** – овие секции се фокусираат на наставни предмети како математика, информатика, литература и ликовна уметност, каде што учениците имаат можност да ги продлабочат и дополнително да ги развијат стекнатите знаења.
* **Секции за поддршка на други вонаставни интереси** – овде спаѓаат активности како фотографија, драма, танцување, готвење и градинарство (хортикултура), кои ја стимулираат креативноста и практичните вештини на учениците.
* **Секции за личен и социјален развој** – овие активности се насочени кон развивање на интеркултурните и мултикултурните вредности, почитувањето на различностите, човековите права, комуникациските вештини, разрешувањето конфликти и дебатите, со што се придонесува за целосен развој на социјалните компетенции на учениците.
* **Спортско-рекреативни секции** – учениците можат да се вклучат во спортски активности како фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пингпонг, планинарење, јога, пилатес и велосипедизам, што придонесува за нивното физичко здравје и тимска соработка.

Преку овие секции и клубови, училиштето создава простор за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, овозможувајќи на секој ученик да ги развива своите интереси и способности на начин кој најмногу му одговара. Вонаставните активности имаат за задача да ја поттикнат и негуваат љубопитноста, сознајните способности и креативноста кај учениците. Тие исто така ги подготвуваат учениците за извршување на задачи кои бараат поголема самостојност и мотивација, развивајќи истрајност и дисциплина при исполнување на училишните обврски. Дополнително, овие активности ги учат учениците како правилно и рационално да го користат своето слободно време, што е важна животна навика.

Одговорноста за навремена, квалитетна и одговорна реализација на програмите за работа на секциите и клубовите во училиштето лежи врз наставниците кои се задолжени за нивното водење. Тие треба да обезбедат континуитет, ангажираност и добра организација на активностите, со цел учениците да имаат максимална корист од воннаставните активности и да го развиваат својот потенцијал на најдобар можен начин.

*9.3. Ученички акции*

Акциите претставуваат краткотрајни воннаставни активности кои најчесто се одвиваат во текот на еден ден, но во зависност од потребите и карактерот на активноста, може да траат и неколку дена. Тие се различни по својот фокус и може да вклучуваат општествени акции, хуманитарни акции, еколошки иницијативи, волонтерски активности, продажни базари и други форми на општествено корисна работа. Целта на овие акции е да го поттикнат свесното граѓанско учество кај учениците, да ги развијат нивните вредности за солидарност, одговорност и активна вклученост во заедницата. Покрај тоа, овие активности им овозможуваат на учениците да стекнат практично искуство во тимска работа, организација и соработка, да го развијат својот социјален и етички капацитет, како и да го засилат чувството за припадност и грижа за животната средина и општеството во целина. Преку ваквите акции, учениците се охрабруваат да бидат активни и одговорни членови на заедницата, учејќи како нивниот индивидуален придонес може да влијае позитивно врз општествените процеси.

## **<u>10. Ученичко организирање и учество</u>**

Училиштето претставува клучен и значаен фактор во систематската и организирана подготовка на учениците за успешно справување со предизвиците на современото општество. Нашето училиште е посветено на формирање и развој на личности кои ќе бидат активни, одговорни и свесни граѓани, вклучени во демократскиот живот на својата заедница. Ученичкото учество има исклучително важно лично и општествено значење, бидејќи претставува најефикасно средство преку кое учениците учат како да ги штитат своите права и правата на другите, како да влијаат на процесите на донесување одлуки и како да учествуваат демократски во животот на училиштето и пошироко во заедницата.

Нашето училиште создава услови за активно вклучување на учениците во сите аспекти на училишниот живот, во активности кои се директно или индиректно поврзани со нивните интереси и потреби. Ова подразбира:

- Создавање атмосфера и услови што ги охрабруваат учениците да ги формираат и слободно да ги изразуваат своите мислења, без страв од негативни последици;
- Воведување јасни механизми и процедури кои им овозможуваат на учениците да имаат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето, со видливи и конкретни резултати;
- Промовирање еднаквост во правата и одговорностите на сите ученици;
- Развивање чувство на одговорност за меѓусебна почит, активно учество во создавањето и почитувањето на училишните норми и вредности, како и конструктивно решавање на проблемите кои се дел од секојдневното училишно живеење;

* Поттикнување заедничко учество и соработка помеѓу учениците во различни процеси, што ја развива нивната способност за тимска работа, застапување на заеднички интереси и донесување колективни одлуки;
* Развивање социјални вештини и поттикнување критичко размислување;
* Градење на чувствителност кон сопствените и туѓите потреби, како и почитување и прифаќање на различностите.

Организирањето на учениците преку Заедницата на паралелката и Ученичкиот парламент овозможува систематско и организирано остварување на интересите и потребите на учениците во училиштето. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на сите паралелки, кои преку своето учество ја промовираат активноста и правата на учениците. Членовите на парламентот активно застапуваат и промовираат ученички права, се вклучуваат во активности за обезбедување врсничка поддршка за учениците со посебни образовни потреби и реализираат различни други корисни активности за училиштето.

За успешна реализација на активностите на Ученичкиот парламент, како и за поддршка на учениците во целина, одговорни наставници Маја Костова, Марија Страхилова, Марија Јорданов - специјален едукатор и рехабилитатор и Ангела Спасевска - психолог. Потребните средства и материјали за работа и активности ќе ги обезбеди училиштето.

## **11. Вонучилишни активности**

### *11.1. Екскурзии, излети и настава во природа*

За организацијата и успешната реализација на излетите, екскурзиите и другите вонучилишни активности, училиштето ќе изготви посебна програма која ќе биде во целосна согласност со одредбите на Правилникот за начинот на изведување на овие активности во основните училишта. Изработката на оваа програма ќе ја спроведе стручен тим формиран од страна на директорот на училиштето, со цел да се обезбеди безбедна, едукативна и квалитетна реализација на сите активности кои се одвиваат надвор од училишниот простор.

Училиштето ќе организира екскурзии за учениците од III, VI и IX одделение, при што се предвидени следниве видови екскурзии: еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение, дводневна екскурзија за шестто одделение и тридневна екскурзија за учениците од деветто одделение. Овие активности се планирани со цел да им овозможат на учениците нови искуства, проширување на знаењата и стимулирање на социјалните вештини.

Покрај тоа, во текот на учебната година, училиштето ќе организира и еднодневни излети за учениците од прво, второ, четврто, седмо и осмо одделение. За учениците од петто одделение, во зависност од интересот, ќе се организира настава во природа како дополнителна образовна активност. Доколку овој интерес не биде доволен, и за нив ќе биде предвиден еднодневен излет. Целта на овие излети е да се овозможи непосреден контакт со природата, да се развијат практични вештини и да се поддржи севкупниот воспитно-образовен развој на учениците.

Со цел да се постигнат воспитно-образовните цели согласно со развојните карактеристики на учениците од прво до деветто одделение, училиштето ќе организира

посети на различни културни, музички, спортски, научни и други манифестации. Овие посети може да вклучуваат излези во зоолошка градина, учество на музички детски фестивали, посети на саеми, театарски претстави, оперски и балетски настапи, посети на музеи и други релевантни институции. Организацијата на овие посети ќе се реализира според интересите на учениците и финансиските можности на родителите, во тесна соработка со Советот на родители. Активностите може да се одвиваат во рамките на нашата општина или, при соодветна можност, пошироко низ државата.

*11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности*

Вонучилишните активности претставуваат значаен дел од воспитно-образовниот и личен развој на учениците. Тие нудат можност за изразување на индивидуалните интереси и таленти, развивање на социјални вештини, тимска работа, самодисциплина, спортски дух, креативност и самодоверба. Како училиште кое ја негува целокупната личност на ученикот, особено внимание се посветува на следење, охрабрување и вреднување на вклученоста на учениците во вакви активности надвор од училиштето.

На почетокот на учебната година ќе се направи детална евиденција на учениците кои се активно вклучени во организирани вонучилишни активности. Податоците ќе се прибираат преку одделенските раководители, анкетни листови, разговори со учениците и родителите. Ќе се евидентира бројот на ученици, паралелките од кои доаѓаат и типот на активност во која учествуваат.

Учениците на нашето училиште традиционално покажуваат интерес и активно учествуваат во следниве области:

- **Музичка уметност:** ученици кои посетуваат основно музичко училиште (пијано, гитара, виолина, флејта и сл.);
- **Балет и танц:** ученици вклучени во балетски училишта и школи за модерен танц, фолклор, хип-хоп, латино танци и сл.;
- **Спорт:** ученици кои тренираат во кошаркарски, фудбалски, ракометни, одбојкарски клубови, како и оние кои посетуваат спортски академии, школи за карате, гимнастика итн.;
- **Културно-уметнички активности:** ученици кои се вклучени во драмски студија, ликовни работилници, литературни клубови и слично;
- **Странски јазици и логичко размислување:** ученици кои посетуваат курсеви по англиски, германски или друг странски јазик, како и школи за ментална аритметика, шах и сл.

Овие активности се реализираат во различни институции и здруженија надвор од училиштето, во попладневните часови, најчесто неколкупати неделно. Точниот број на ученици и нивната распределба по области ќе биде утврден по прибирањето на податоците, најдоцна до крајот на месец септември. Евиденцијата ќе се ажурира и користи за:

- поддршка на талентираните ученици во рамки на наставата,
- организирање на настани за презентација на нивните достигнувања (на пример: музички точки, спортски денови, изложби),

* соработка со родителите и локални институции за развивање на соодветни програми и поддршка,
* препознавање на ученици со потенцијал за дополнителна стимулација или афирмација.

Овој сегмент претставува дополнување на воспитно-образовната дејност на училиштето и е во согласност со стремежот за холистички пристап во образованието, каде што ученикот не е гледан само како носител на знаење, туку како личност со многустрани потенцијали кои треба да се развиваат во различни насоки.

## 12. Натпревари за учениците

Цел на натпреварите

Ученичките натпревари претставуваат значаен сегмент од воспитно-образовниот процес, со цел:

* Унапредување на знаењата и вештините кај учениците,
* Препознавање и поттикнување на таленти и афинитети,
* Афирмација на трудот и постигнувањата на учениците,
* Поттикнување на здрава конкуренција и самодоверба.

Видови на натпревари и нивоа на учество

Во текот на учебната 2025/2026 година, училиштето ќе учествува во следните натпревари:

Училишни натпревари:

Натпревари организирани на ниво на училиштето по следниве предмети:

* Македонски јазик
* Англиски јазик
* Математика
* Природни науки и техника
* Биологија
* Географија
* Хемија
* Физика

Период на реализација: Февруари – март 2025
Учесници: Ученици од IV до IX одделение
Реализатори: Предметни и одделенски наставници

Општински и регионални натпревари

Во организација на друштвата и сојузите:

* Сојуз на математичари на РСМ
* ELTAM – за англиски јазик

- Друштво на биолози на Македонија
- Друштво на физичари на РСМ
- Црвен крст – за натпревар по Прва помош
- Дирекција за заштита и спасување – за натпревар „Противпожарна заштита“
- Сојуз на географи, хемичари и техничари на РСМ

Период: Март – април 2025
Учесници: Најуспешните ученици од училишните натпревари
Реализатори: Наставници – ментори, стручни служба

Државни (републички) натпревари

Најдобрите ученици од регионалните натпревари ќе продолжат на:

- Републички натпревар по македонски јазик, англиски јазик, математика, биологија, хемија, географија, физика, природни науки
- Државен натпревар во ликовна уметност и спортски натпревари

Период: Април – мај 2025
Реализатори: Ментори, поддршка од стручна служба, Совет на родители

Меѓународни натпревари

По можност и според квалификациите, училиштето ќе учествува во меѓународни проекти и натпревари во областа на:

- Екологија и иновации
- Дигитална писменост и STEM
- Учество на платформата eTwinning и други едукативни проекти

План за реализација и логистика

- Изработка и објава на календар за училишни натпревари
- Формирање на комисии од наставници за секој предмет
- Подготовка на тестови и задачи според наставната програма
- Организација на мотивирачки средби со учениците
- Одржување на дополнителна настава за подготовка на ученици
- Обезбедување на логистичка и финансиска поддршка во координација со Советот на родители
- Водење евиденција за учество и резултати, со јавно објавување на огласна табла и записници

Пропозиции за учество

- Секој ученик може да се пријави на најмногу три натпревари
- Пријавувањето е доброволно или по препорака од наставникот
- Наставникот-ментор подготвува ученици преку:
    - Индивидуални сесии

    - Работни листови и напредни материјали
    - Повратни информации по симулациски задачи
- Учениците кои ќе постигнат I, II и III место ќе добијат пофалници и симболични награди

Информирање

- Планот ќе биде објавен на училишната огласна табла и веб-страница
- Пред секој натпревар, учениците ќе бидат усно известени два дена однапред
- Резултатите ќе се објавуваат во рок од 7 дена по натпреварот

Поддршка и финансирање

- За учениците кои ќе преминат во регионални и државни фази ќе се обезбеди:
    - Менторска поддршка
    - Едукативни материјали и ресурси
    - Финансиска поддршка за транспорт, учество и евентуални котизации
- Советот на родители ќе учествува во поддршката преку:
    - Доноство на материјали или награди
    - Финансиска помош за репрезентација
    - Логистичка поддршка при организирање настани

Очекувани ефекти

- Подобрени знаења и вештини кај учениците
- Поттикнување лична и колективна мотивација
- Афирмација на училиштето преку натпреварувачки дух
- Изградба на самодоверба и натамошна едукациска ориентација

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Целта на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција е зголемување на свеста и поттикнување на толеранцијата меѓу учениците, наставниците и сите учесници во училишниот живот, со акцент на почитување на вредностите, јазикот, културата и традициите на различните етнички заедници.

Мултикултурниот пристап е вграден во голем дел од актуелните наставни планови и програми кои ја формираат основата за работа на училиштето. Тој претставува добра почетна точка за развивање и унапредување на интеркултурната воспитно-образовна практика. Принципите на мултикултурализмот се вклучени и во националниот Наставен план за основно образование, кој има за цел да создаде општество кое е праведно, инклузивно и полно со толеранција.

Наставата во училиштето се одвива на македонски јазик, при што се применува политика на заемна почит и еднаков третман на сите учесници во образовниот процес.

Секој ученик, без разлика на нивните способности, пол, етничка или верска припадност, е прифатен од страна на наставниот кадар и соучениците.

Во тековната учебна година се планирани бројни наставни и воннаставни проекти кои ќе опфатат ученици од сите етнички заедници од I до IX одделение, како со физичко присуство, така и онлајн. Во овие активности ќе учествуваат наставници, родители, претставници од локалната заедница, општински служби и бизнис секторот. Целта е да се подобри меѓуетничката соработка, да се зајакне духот на меѓусебно разбирање и почит, како и да се развие свеста за прифаќање на различностите во културата и традицијата.

Училиштето е дел од мрежата на модел-училишта во Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (ПМИМО), финансиран од УСАИД и спроведуван од Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти. Партнерски, училиштето соработува со ОУ „Рајко Жинзифов“ од с. Оризари. Основната цел на ова партнерство е подготвување на учениците за хармоничен соживот во мултикултурното општество преку размена на култури, традиции и заедничко промовирање на културното наследство преку посети на културни и образовни настани, празници, изложби и еколошки акции.

Во текот на учебната година ќе се организираат тематски активности, онлајн или со физичко присуство, со цел учениците да запознаат и разберат нови обичаи и културни специфики на различните етнички групи. Учениците од сите етнички и полови групи ќе имаат можност да учествуваат во спортски натпревари, квизови и други настани, како во училиштето, така и во други образовни институции од општината.

Нашето училиште континуирано ќе реализира активности поврзани со ПМИМО, со кои ќе се промовира мултикултурното учење и почитувањето меѓу учениците од различни етнички заедници. Овие активности ќе помогнат во развојот на комуникацијата, соработката и меѓусебната доверба меѓу учениците. Акцискиот план и годишното планирање на ПМИМО вклучуваат работилници со мултикултурен карактер за часовите на одделенска заедница, како и интердисциплинарни активности каде се применуваат принципите на мултикултурализмот.

Покрај тоа, ќе се реализираат проекти, воннаставни активности, креативни работилници, спортски дружења и научни истражувања со мултикултурна тематика. Сите активности ќе се организираат во соработка со други училишта од општината, според утврдени стратегии или во рамките на училиштето. Во реализацијата ќе бидат вклучени ученици од различни одделенија, родители и наставници. Финансирањето ќе се обезбеди преку грантови наменети за ПМИМО-проекти.

**ТИМ МИМО:**

Маја Коруновска - Директор

Координатор: Невенка Ѓошева

Членови: Орданка Петкоска, Весна Јовевска, Александра Наумова, Александар Тодоровски, Марија Тодорова и Сашко Јовановски* и Слаѓана Герасимова – психолог

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште активно учествува во образовни реформи преку спроведување на различни проекти кои имаат за цел подобрување на квалитетот на наставата и воспитанието. Во моментов, во училиштето се реализираат следните проекти:

- **„Разрешување на конфликти“**
- **„Градиме нови мостови“**
- **„Инклузија на деца со посебни образовни потреби (ПОП)“**
- **„Градење на капацитети за одржлив развој на човечкиот капитал во Северна Македонија“**

Една од значајните регионални програми што ја спроведуваме е „Училишта на 21-виот век“, која има за цел да ги развие критичкото размислување и способностите за решавање проблеми, како и да ги подобри дигиталните вештини кај учениците од шесто до деветто одделение. Во рамки на оваа програма, и оваа учебна година продолжуваме со активностите на „Клубот за кодирање“.

Нашето училиште е отворено за прифаќање на сите релевантни проекти кои се усогласени со нашата визија и мисија, а имаат за цел унапредување на образованието и воспитувањето на учениците. Дополнително, ќе се вклучуваме и во нови проекти кои ќе бидат понудени во текот на учебната година, особено оние кои придонесуваат за професионален развој на наставниот кадар и за едукација на родителите во однос на правилниот пристап и воспитување на нивните деца – нашите ученици.

## 15. Поддршка на учениците

### *15.1. Постигнување на учениците*

Следењето на ученичките постигнувања во ООУ „Блаже Конески“ се реализира континуирано, со систематско вклучување на наставниците, стручната служба и училиштето како целина. Во текот на учебната 2024/2025 година, стручната служба изработуваше редовни анализи за успехот и однесувањето на учениците, по квалификациони периоди. Дополнително, беа изработени споредбени извештаи за постигнувањата по одделенија, наставни предмети, пол и етничка припадност.

Постигнувањата на учениците се согледуваа преку анализи на успехот, активното учество на учениците во наставата, додатната и дополнителната настава, како и вклучување во воннаставни активности. Посебен акцент беше ставен на напредокот на учениците со едукативни тешкотии, кај кои се следеше индивидуалниот развој и постигнувањата согласно изготвените индивидуализирани образовни програми.

План за тековната учебна 2025/2026 година

Со цел да се унапредат резултатите и да се обезбеди подобар квалитет на воспитно-образовниот процес, училиштето поставува конкретни цели и активности:

Цели

- Подобрување на постигнувањата по наставни предмети во одделенијата со понизок просек.

- Навремено идентификување и поддршка на ученици со потешкотии во учење и социјално-емоционални предизвици.
- Активна вклученост на учениците во натпревари, проекти и други форми на ученичка афирмација.
- Поттикнување мотивација и самодоверба кај учениците преку различни активности и менторска поддршка.

Конкретни активности и одговорности

- **Организирање дополнителна и додатна настава** по македонски јазик, математика и природни науки, наменета за ученици со ниски постигања и за талентирани ученици.
  - *Одговорни*: предметни наставници и класни раководители
  - *Период*: септември 2025 – мај 2026
  - *Очекувани резултати*: зголемен успех на полугодие и крај на годината
- **Изработка на индивидуални планови за ученици со потреба од дополнителна поддршка**, во соработка со наставниците.
  - *Одговорни*: стручната служба (педагог, психолог, дефектолог)
  - *Период*: септември – октомври 2025
  - *Очекувани резултати*: стабилизирање на однесување, напредок во учење
- **Организирање менторски средби** и работилници со ученици со повисок потенцијал и ученици со слабости.
  - *Одговорни*: предметни наставници, стручна служба
  - *Период*: еднаш месечно
  - *Очекувани резултати*: унапреден интерес и постигнувања
- **Редовно информирање на родителите** за ученичкиот напредок преку состаноци и индивидуални консултации.
  - *Одговорни*: одделенски раководители, стручна служба
  - *Период*: секое тримесечје
- **Следење и анализирање на постигнувањата по наставни предмети** на ниво на паралелка и одделение.
  - *Одговорни*: координатори на активи, наставници
  - *Период*: ноември, јануари, април и јуни 2026

Активности на стручната служба

- Изработка на **годишна анализа за успех и однесување** по сите одделенија и паралелки.
- **Идентификација и индивидуална поддршка** за ученици со проблеми во учење, емоционални тешкотии и нарушувања во однесување.

* **Реализација на работилници** со ученици од ризични категории (ученици од социјално загрозени семејства, ученици со недоволна поддршка од домот и др.).
* **Поддршка на наставниците** во изготвување на прилагодени образовни програми.
* **Координација со родителите** за навремена реакција и соработка при потешкотии кај учениците.

Тим за евалуација

* Пенчо Андреев – педагог
* Ангела Спасевска – психолог
* Координатори на активи по предмети
* Директор на училиштето

Евалуацијата ќе се врши преку споредбени извештаи, анкетни прашалници, директни набљудувања и состаноци со наставниот кадар, со цел навремено детектирање на позитивни и негативни трендови.

Со систематски пристап, јасно утврдени цели и одговорности, како и вклученост на стручната служба, училиштето во учебната 2024/2025 година ќе продолжи да го унапредува квалитетот на наставата и резултатите на учениците, при тоа обезбедувајќи еднакви можности за сите.

*15.2. Професионална ориентација на учениците*

Во рамките на воспитно-образовната дејност и стремежот за целосен развој на ученичката личност, училиштето и во учебната 2025/2026 година продолжува со организирана и планирана работа на Тимот за професионална ориентација на учениците. Тимот има за цел да им помогне на учениците, особено на оние од VIII и IX одделение, полесно да се ориентираат во изборот на средно образование и идно професионално усмерување, земајќи ги предвид нивните интереси, способности и вредносни ставови.

Членови на тимот за професионална ориентација се:

* Ангела Спасевска – психолог (координатор на тимот)
* Пенчо Андреев - педагог
* Иванка Славковска – наставник по македонски јазик
* Ана Јанчева Глушкова – наставник по англиски јазик
* Весна Мешкова – наставник по биологија

Во текот на учебната година, тимот ќе реализира повеќе активности со следните цели:

* Поддршка на учениците при донесување на информирана одлука за идно образование
* Развивање на самосвест за личните способности, интереси и вредности
* Запознавање со различни професии, работни средини и услови за работа
* Развивање на вештини за донесување одлуки и поставување лични цели

Планирани активности

Во текот на првото полугодие ќе се спроведат активности за запознавање на учениците со различни занимања преку видео-презентации, разговори и работилници. Истовремено, ќе се спроведе и иницијална проценка преку анкети и разговори со учениците за нивните интереси, професионални стремежи и потенцијални таленти.

Во второто полугодие, фокусот ќе биде ставен на реализација на работилници за професионална ориентација („Кој сум јас и што сакам да бидам?“, „Одлуката е моја“, „Професијата и мојот стил на живот“), како и на организирање средби со лица од различни професии (медицинари, инженери, уметници, техничари, наставници, спортисти, занаетчии итн.). Во рамките на овие средби, учениците ќе имаат можност директно да се запознаат со реални искуства, работни задачи и кариерни патишта.

Во април и мај, училиштето ќе организира презентации од средни училишта од Велес и пошироко, со цел учениците да се информираат за различните образовни профили, условите за упис и можностите за понатамошно образование. Ќе се спроведе и професионално советување на ученици и родители преку индивидуални и групни средби.

Дополнително, предвидени се и посети на институции и организации од локалната заедница – како општината, здравствени установи, културни институции и приватни компании – со цел учениците да стекнат директен увид во работната средина на различни професии.

Во текот на целата година, тимот ќе работи на следење на учениците со изразени специфични способности и интереси, нивно насочување и вклучување во дополнителни активности и натпревари, во соработка со предметните наставници.

Очекувани резултати

* Подобра подготвеност на учениците за избор на соодветна професионална насока
* Зголемен интерес и свесност за личните потенцијали и професионални опции
* Активно учество на учениците во работилници и средби со професионалци
* Поттикнување на комуникација меѓу ученици, родители и наставници за идните чекори во образованието

Евалуација на активностите ќе се врши по завршувањето на секоја фаза од програмата преку кратки анкети, разговори со учениците и анализи од стручната служба, со цел навремено прилагодување и унапредување на процесот на професионална ориентација.

*15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација*

Во насока на унапредување на безбедната и поддржувачка средина во училиштето, во текот на учебната 2025/2026 година ќе се реализираат повеќе превентивни програми и едукативни активности насочени кон спречување на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација, како и за промоција на психо-социјалното здравје и безбедноста на учениците.

Цели на превентивните програми

* Намалување на појавата на врсничко и електронско насилство
* Превенција од злоупотреба на психоактивни супстанци
* Подигнување на свеста кај учениците за своите права и обврски
* Развивање на вештини за ненасилна комуникација и решавање конфликти
* Поттикнување на емпатија, почитување на различности и инклузивност
* Зајакнување на соработката со родителите и локалната заедница

Превентивни програми што ќе се реализираат

1. **„Школа без насилство“**
   * **Одговорни лица:** Стручна служба, одделенски раководители
   * **Учесници:** Ученици од III до IX одделение
   * **Процедура за избор:** Сите ученици се вклучени преку одделенски часови, работилници и активности
   * **Содржини:** Едукација за препознавање и справување со врсничко насилство, игри со улоги, случаи од пракса
   * **Планирано време:** Октомври – мај
2. **„Здрава млада личност“ – превенција од зависности и ризично однесување**
   * **Одговорни лица:** Стручна служба, наставник по биологија и физичко
   * **Вклучени:** Ученици од VII, VIII и IX одделение
   * **Содржини:** Препознавање на ризици, последици од употреба на ПАС, интерактивни предавања
   * **Експерти:** Претставници од Здравствен дом
   * **Време:** Ноември – април
3. **„Семејството – партнер во воспитувањето“**
   * **Цел:** Поддршка на родителите во воспитни предизвици
   * **Активности:** Едукативни работилници за родители (одделно по одделенски групи), советувања, инфо-билтени
   * **Одговорни:** Стручна служба
   * **Време:** Тековно низ учебната година
4. **„Различни, а еднакви“ – борба против дискриминација и говор на омраза**
   * **Цел:** Поттикнување на почитување на различностите и инклузија
   * **Активности:** Драмски работилници, интерактивни предавања, денови на културна разноликост
   * **Вклучени:** Ученици од VI до IX одделение
   * **Време:** Март – мај

Едукативни работилници

* **Со ученици:** Теми: „Безбедно користење интернет“, „Моите права и одговорности“, „Комуникација без конфликти“ – во текот на целата година, во рамки на одделенски и дополнителни часови
* **Со родители:** Теми: „Партнерство со училиштето“, „Препознавање на знаци на вознемиреност кај децата“, „Поставување граници“ – 1 работилница месечно
* **Со наставници:** Обуки за „Превенција од насилство“, „Психолошка прва помош“, „Интеркултурна комуникација“ – семинари во соработка со Бирото за развој на образование и локални НВО

Планирани активности надвор од училиштето

* Посета на Центар за социјални работи – за ученици од VIII и IX одделение
* Посета на Полициска станица – едукативна тура за безбедност во сообраќај и правна одговорност
* Заеднички настани со други училишта – „Ден на толеранцијата“, „Недела на детето“
* Уметнички и спортски манифестации за градење соработка и позитивна клима

Постапка за пријавување и заштита на ученик – жртва на насилство, злоупотреба, занемарување или дискриминација

1. **Пријава на случај:**
   * Пријава може да поднесе ученик, родител, наставник, друг вработен или трето лице
   * Се поднесува усно или писмено до педагогот, психологот или директорот на училиштето
2. **Евидентирање на случајот:**
   * Се евидентира во посебен регистар
   * Се пополнува образец за пријава
3. **Разговор и проценка:**
   * Стручната служба спроведува разговор со ученикот и евентуално со други инволвирани
   * Се проценува итноста и видот на интервенција
4. **Преземање мерки:**
   * Советување и посредување со вклучени страни
   * Вклучување на родител/старател
   * Вклучување на институции (ЦСР, Полиција) доколку има правна основа
5. **Следење на состојбата:**
   * Стручната служба ја следи состојбата и спроведува дополнителни мерки
   * Ученикот добива психо-социјална поддршка
6. **Чување доверливост:**

* Целата постапка се спроведува со почитување на приватноста и доверливоста на податоците

## 16. Оценување

*16.1. Видови оценување и календар на оценувањето*

Оценувањето претставува континуиран процес што се спроведува во текот на целата учебна година. Тоа има за цел да ги следи и вреднува знаењата, способностите, вредностите, ставовите и навиките на учениците. Преку реализација на наставните цели и содржини, наставниците применуваат различни пристапи и форми на оценување, со цел да обезбедат објективна и сеопфатна слика за ученичкиот развој.

Во процесот на оценување се користат повеќе видови оценување:

* **Пласирачко оценување** – се спроведува на почетокот на наставниот процес за да се утврди почетното ниво на знаење и вештини кај учениците.
* **Формативно оценување** – се користи во текот на наставата за следење на напредокот и навремено насочување на ученикот.
* **Дијагностичко оценување** – има цел да ги идентификува потешкотиите во учењето и да помогне во нивно надминување.
* **Сумативно оценување** – се спроведува на крајот на наставна целина и служи за финална проценка на постигнувањата.

Наставниците користат различни методи и алатки за оценување, како што се: усни одговори, разговори, презентации, писмени задачи, тестови, домашни задачи, есеи, контролни листови, чек-листи, како и истражувачки и практични активности. За секој ученик се води посебно досие, кое содржи податоци за неговиот напредок и развој. Оценувањето се планира однапред и е дел од годишните, тематските и процесните планови на наставниците. На почетокот од учебната година се координира планот за писмено проверување со цел да се избегне преоптовареност на учениците. Учениците и нивните родители редовно се информираат за резултатите и напредокот, што овозможува транспарентност и подобра комуникација помеѓу училиштето и семејството.

Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано во три развојни периоди:

| Одделение | Прво тримесечје | Второ тримесечје | Полугодишна оцена | Трето тримесечје | Четврто тримесечје | Годишна оцена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I, II, III** | описна оцена | описна оцена | описна оцена | описна оцена | описна оцена | описна оцена |
| **IV, V, VI** | описна оцена | описна оцена | описна оцена | описна оцена | бројчана оцена | бројчана оцена |
| **VII, VIII, IX** | бројчана оцена | бројчана оцена | бројчана оцена | бројчана оцена | бројчана оцена | бројчана оцена |

*16.2. Тим за следење, анализа и поддршка*

Во рамките на училиштето функционира Тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со националните стандарди, со задача да обезбеди

објективен, правичен и поддржувачки процес на оценување, усогласен со наставните програми и потребите на учениците.

Членови на тимот за оценување

* Пенчо Андреев – педагог, координатор на тимот
* Марија Јорданов – специјален едукатор и рехабилитатор
* Соња Стумбова – наставник по математика
* Костадинка Атанасовска – наставник по македонски јазик
* Велика Милошевска – одделенски наставник

Надлежности на тимот

* Анализа на практиките на оценување по предмети и наставници
* Следење на разновидноста на инструменти и пристапи во оценувањето
* Проверка на усогласеноста со наставната програма и државните стандарди
* Поддршка на наставници со предизвици во оценувањето
* Промовирање на добри и иновативни практики
* Изработка на извештаи и предлог-мерки до директор и наставнички совет

План за следење на оценувањето

| Период | Активност | Предмети/Одделенија | Одговорни лица |
|---|---|---|---|
| Октомври 2025 | Почетна анализа на практиките на оценување | Сите наставници | Тим за оценување |
| Јануари 2026 | Анализа по класификациски период | Македонски, математика, англиски | Стручна служба |
| Март 2026 | Тематски фокус: разновидност на оценување | Природни науки | Тим за оценување |
| Мај 2026 | Финална евалуација и споредба со претходни години | Сите предмети | Тим и директор |

### *16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

Во рамките на своите годишни програми за работа, директорот и стручната служба редовно посетуваат наставни часови и вонnаставни активности. При овие посети, тие:

* го набљудуваат процесот на оценување во реална наставна средина,
* вршат анализа на применетите методи и пристапи во оценувањето,

* даваат стручна поддршка и насоки за унапредување на практиките на оценување,
* поттикнуваат кон усогласеност со стандардите за објективно, правично и развојно ориентирано оценување.

*16.4. Самоевалуација на училиштето*

Процесот на самоевалуација во училиштето се спроведува на секои две години и опфаќа седум клучни области, за кои се формираат соодветни работни тимови. Во рамките на овој процес, наставниците и стручните соработници, заедно со учениците и родителите, вршат детална анализа на целокупното работење на училиштето во соодветниот период. Тимовите користат релевантна документација како основа за евалуација и изготвување на заклучоци.

Од Самоевалуацијата за периодот 2023–2025 произлегоа препознаени предности и недостатоци во работењето на училиштето, како и стратешки насоки и приоритети за понатамошен развој. Овие елементи се понатаму разработени во Развојниот план на училиштето, кој служи како темел за креирање на годишните програми за работа.

**Комисија која го изготви Извештајот од Самоевалуацијата: Лидија Алчева Игновска, Иванка Славковска, Марија Јорданов, Ангела Спасевска, Весна Кузманова.**

## 17. Безбедност во училиштето

Обезбедувањето на сигурноста и заштитата на учениците претставува врвен приоритет за училиштето. Почувствуваната безбедност е клучен предуслов кој овозможува успешно извршување на сите активности во рамки на воспитно-образовниот процес. Училиштето ќе се усогласи и придржува до сите прописи и регулативи издадени од релевантни институции, како што се Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи и други надлежни органи, со цел да се обезбеди максимална безбедност на учениците во училишните простории и надвор од нив.

Во текот на учебната 2025/2026 година ќе се продолжи со примената на превентивни мерки кои ќе создадат што посигурна и побезбедна средина за сите што престојуваат и работат во училиштето. Преку овие мерки ќе се зацврсти чувството на сигурност кај учениците и персоналот, а истовремено ќе се овозможи подобро функционирање на воспитно-образовниот процес.

Училиштето ќе преземе соодветни чекори за обезбедување физичка заштита и унапредување на здравјето на учениците. По препорака на Советот на родители, секоја година се ангажира приватна служба за обезбедување која ја следи безбедноста на учениците во училиштето и во дворот, со цел превенција на несакани ситуации како што се насилство, кражби или други инциденти.

Дополнително, училиштето ќе спроведува мерки за:

* создавање средина без ризик по физичкото здравје и интегритетот на учениците;
* развивање на позитивна психо-социјална атмосфера во училиштето;
* континуирано и систематско почитување на принципите на ненасилство во сите форми;

* обезбедување услови учениците преку наставата да стекнат вештини за грижа за здравјето, справување со стрес и ненасилно решавање на конфликти.

<u>План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди</u>

Училиштето располага со документ – „План и програма за заштита и спасување при елементарни непогоди“. Во училиштето се поставени противпожарни апарати на видно достапни локации, секој од нив е со јасно истакнато упатство за користење.

<u>Активности на системот за заштита и спасување</u>

* Активности и мерки за заштита и спасување во случај на непосредна опасност
* Активности и мерки за заштита и спасување за време на опасност
* Активности и мерки за отстранување на последиците

<u>Планирање</u>

Нашето училиште има разработено План за заштита и спасување при природни катастрофи и несреќи како што се земјотреси, поплави, свлечишта и пожари.

При подготовка на планот се земени предвид следниве реални фактори:

* географската положба на училиштето
* карактеристиките на објектот
* природни ресурси во околината

Во изработката на планот се вградени следниве принципи:

• тимска координација

•временско определување на активности

• оперативност и извршливост

• конкретни мерки

• континуирано следење и анализа

• поставени очекувани резултати

Планот дефинира кои субјекти, кога, каде и на кој начин треба да постапат во конкретни ситуации. Во него се обработуваат следниве елементи:

• Локација на објектот: централна градска зона

• Тип на градба: цврста градба без прецизни податоци за сеизмичка отпорност

Проценка на загрозеност од земјотреси во училиштето

• Анализа на ризични фактори

• Геолокација, старост и вид на објектот

• Тип на материјали и вградена опрема

• Градежни карактеристики

• Број на ученици и вработени

## <u>18. Грижа за здравјето</u>

### *18.1. Хигиена во училиштето*

Хигиената во училиштето се одржува на високо ниво, благодарение на континуираната работа на техничкиот персонал и активното учество на сите вработени. Извршената реконструкција на кровот и подовите во одделенската настава создаде услови за поефикасно и долгорочно одржување на хигиената. За здрава средина придонесуваат сите членови на училишната заедница. Во текот на годината ќе се

спроведуваат редовни дезинсекција, дезинфекција и дератизација, а ќе се следи и функционалноста на санитарната опрема, особено во тоалетите. Ќе се преземат мерки за нивна редовна дезинфекција и за правилно користење од страна на учениците.

Училиштето поттикнува лична и колективна хигиена преку организирање на интерни акции за одржување на работната средина и училишниот двор. Во текот на учебната година ќе се реализираат активности како садење цвеќиња, собирање пластика и чистење на дворни површини. Со цел зголемување на свеста за хигиената како предуслов за добро здравје, ќе се интензивираат едукативни активности. Редовното миење раце и дезинфекција ќе продолжат да бидат дел од секојдневната училишна пракса. Училиштето ќе ги следи и применува упатствата на релевантните институции за заштита на здравјето.

*18.2. Систематски прегледи*

Во училиштето редовно се организираат задолжителни систематски прегледи за учениците и вработените. Прегледите се спроведуваат во соработка со Министерството за здравство и ЈЗУ „Здравен дом“ – Велес. Учениците од I, III, V, VII и IX одделение се опфатени со овие прегледи, а наставниот процес не се нарушува. Учениците се придружувани од наставници за време на прегледите. По извршените прегледи се прави евиденција и, по потреба, следат упатувања кон специјалисти. Учениците од I до VI одделение подлежат и на задолжителни стоматолошки прегледи, а родителите се навремено информирани.

Во текот на учебната година ќе се реализираат работилници од ОЖВ програмата, насочени кон подобрување на менталното и физичкото здравје на учениците. Предавања и активности за здрава исхрана, превенција на заболувања и одржување на добро општо здравје ќе бидат вклучени во редовната настава. Наставните содржини од повеќе предмети вклучуваат здравствени теми, со цел да се развие свеста за грижа за себе. Ќе се организираат средби со здравствени работници кои ќе дадат стручни совети. Реконструкцијата на покривот во одделенската настава придонесува за природно осветлување и подобри услови за работа и здравје.

*18.3. Вакцинирање*

Вакцинацијата на учениците се спроведува согласно Програмата за имунизација, во соработка со Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и ЈЗУ „Здравен дом“ – Велес. Таа е организирана според Календарот за имунизација.

Учениците од I, II, VI, VIII и IX одделение се опфатени со вакцинацијата. За реализацијата се грижат директорот и одделенските наставници. Целта е навремена и квалитетна заштита на здравјето на учениците во согласност со програмските насоки.

*18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата*

Училиштето нуди организирана исхрана за учениците: појадок и ручек за прво до четврто одделение и ужина за повисоките одделенија. Оброците се подготвуваат во училишната кујна и се сервираат во трпезаријата. За квалитетот на храната се грижи директорот со тим од наставници и родители. Менито е составено според Правилникот за исхрана и се придржува до Упатството за правилна примена на стандардите за исхрана. Целта е обезбедување здрава и балансирана исхрана.

Во текот на учебната година ќе се реализираат предавања и активности со цел подигање на свеста кај учениците и родителите за здрава храна. Кампањите ќе вклучуваат работилници за изработка на рецепти, презентации, ликовни и литературни творби. Здравата исхрана е тема застапена во наставните програми и е предмет на дискусија и истражување. Училиштето ги охрабрува учениците да развијат навики за здрав начин на исхрана.

## 19. Училишна клима

Во училиштето владее високо ниво на почитување и единство меѓу сите вработени, што значајно придонесува за целокупната работа и живот во училиштето. Училишната клима е често нарекувана срцето и душата на училиштето. Таа претставува квалитативен аспект кој му овозможува на секој поединец да се чувствува вреден, прифатен и важен дел од заедницата. Односите меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес и училиштната атмосфера се клучни за успешно функционирање.

Позитивната клима ги поврзува учесниците, гради доверба и чувство на припадност, што создава мирна и поттикнувачка средина за образование. За одржување на таква клима ќе се спроведуваат активности на ниво на паралелки, генерации и целото училиште.

Позитивната училишна клима има влијание врз повеќе аспекти како што се:

1. Мотивација и училишен напредок во насока на креирање пријатна и поттикнувачка атмосфера за учење. Учениците се подобро мотивирани да се ангажираат во учењето и да ги постигнат своите цели. Ова ќе резултира со подобар училишен напредок и подобрување на успехот.

2. Зголемена ангажираност и учество во процесот на наставата и различни воннаставни активности. Учениците се мотивирани да ги изразат своите идеи и мислења, што ќе ја засилува комуникацијата и соработката помеѓу учениците, наставниците и Стручната служба во училиштето.

3. Подобар соцо–емоционален развој им помага на учениците да развијат почитување, емоционална интелигенција и социјални вештини. Тие ќе учат како да се справуваат со конфликти, да бидат толерантни и почитуваат различности, што ќе ги ги подготви за социјалните интеракции во пошироката заедница.

4. Стабилност и безбедност како чувство на учениците ќе им овозможи да се чувствуваат безбедно и сигурно. Ќе се создаваат односи на доверба помеѓу учениците и наставниците, што ќе им помогне на учениците да се фокусираат на своето учење и да се развиваат без притисок и страв.

5. Спроведување на вредностите и нормите ќе влијаат на позитивната клима во училиштето ќе ги поттикнуват и поддржуват вредностите како почитување и интегритет што ќе влијае на создавање на посакувана слика во училиштето и негова афирмација во пошироката средина.

### *19.1. Дисциплина*

Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците, благодарение на тоа што води грижа за остварување на својата мисија и визија, водејќи сметка за целосната секојдневна дисциплина на учениците, а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. За секој

човек да биде успешен во остварување на своите цели важно е да биде дисциплиниран и истраен во своите намери. Како и до сега така и во учебната 2024/2025 година во училиштето сите чинители во воспитно-образовниот процес ќе тежнеат кон воспоставување и почитување на редот и дисциплината во училиштето, како и создавање позитивна училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Училиштето води посебна грижа за одржување на дисциплината како фактор од исклучителна важност за квалитетно и целосно реализирање на воспитно-образовната дејност. Во училиштето на значајни места ќе бидат поставени насоки и потсетници за правилниот начин на однесување на учениците со цел да се стимулира одржување на добра дисциплина и создавање на пријатна атмосфера во истото. Учениците се запознаваат со правилата и должностите на однесувањето уште на почетокот на учебната година преку своите одделенски раководители. Сите наставници се задолжени за одржување и контрола на дисциплината на учениците, како на часовите, така и за време на одморите.

Според утврдена програма, училиштето подготви и план за подобрување на дисциплината (на учениците, вработените), се определуваат дежурни наставници и други вработени по претходно изготвен распоред за дежурства во ходниците, училниците, санитарните јазли и во другите простории , и задолжително, во училишниот двор. На тој начин заеднички се споделува одговорноста за редот и дисциплината во училишната зграда. Дежурните наставници ќе вршат контрола на однесувањето, одржувањето на редот помеѓу учениците, во ходниците и во училишниот двор. Секој одделенски наставник во текот на една седмица ќе определи по два дежурни ученика во училница, ходник и училиштен двор (од V до IX одд.) Би било добро да се поставуваат ученици кои покажуваат одговорност во извршувањето на поставените задачи, но секако и ученици кои покажуваат непочитување на одредено правило, се со цел да се мотивира и да се стимулира нивното однесување преку давање доверба од страна на одделенскиот наставник. Наставниците ќе водат електронска евиденција на претходно изготвен модел на евиденција за евентуални неправилности и непочитување на Кодексот на однесување на учениците.

Училиштето води задолжителна писмена евиденција за тековните збиднувања за време на одморите, со цел навремено забележување и реагирање на различни видови насилно однесување. Голема улога во одржувањето на дисциплината во училиштето имаат учениците-претставници на Ученичкиот парламент од секоја одделенска заедница кои со своето однесување претставуваат пример за одговорност и миродубивост меѓу своите соученици. Исто така во одржувањето на дисциплината значајна улога има присуството и посветеноста на родителите на училишниот живот. Родителите навремено ќе бидат известени за програмата и правилата за одржувањето на дисциплината. Исто така редовно ќе добиваат известување за поведението и однесувањето на нивното дете што ќе овозможи правовремена соработка и корекција на настанати промени во однесувањето спротивно од посакуваните и пропишани начини на однесување во училишните правилници.

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред како и правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите и истите доследно се почитуваат. Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување се реализираат следниве активности:

| Планирана програмска активности | Време на реализација | Реализатор | Извори/ Ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување во правилата на однесување | Септември 2025 г. | Стручна служба, Одделенски раководители | Кодекс на училиштето | Консултации со Директор и стручна служба | Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во училиштето |
| Изготвување на распоред на дежурни наставници | На почетокот на учебната година | Одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручни активи | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни наставници |
| Определување дежурни ученици по паралелки | Континуирано | Одделенски раководители | Кодекс на училиштето | Консултации со Одделенски раководители | Позитивна училишна клима |
| Давање насоки за однесувањето во тоалетите, училишниот ходник, училишниот двор | Во текот на целата учебна година | Наставници | Кодекс на училиштето | Консултации и средби со стручна и техничка служба | Позитивна училишна клима |
| Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор | Континуирано | Дежурни наставници и ученици | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |

*19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Изгледот на училиштето има важно влијание врз учениците. Чистотата, уредноста и естетиката придонесуваат за пријатна и стимулативна средина. Сите учесници се вклучени во украсување на училниците и одржување на училишниот двор.

Тим составен од наставници и ученици ќе работи на план за уредување на просторот, вклучувајќи активности и ресурси. Посебно внимание ќе се посвети на мултикултурализмот и одржување на позитивна визуелна средина. Вклучувањето на учениците има воспитен ефект, развива чувство на одговорност, самодоверба и креативност. Наставниците со свои изработки, презентации и проекти ќе го поддржат процесот. Тимот ќе се состои од наставници, ученички претставници и координатор по ликовно образование. Посебна грижа на наставниците и вработените во училиштето им е развивање на одговорен однос кај учениците кон уредувањето и одржувањето на училишниот простор. Вклучувањето на учениците во естетското и функционално уредување има големо влијание во формирање на нивната личност. Истото влијае врз создавање на пријатно чувство за нив, развивање на самодовербата, чувство дека се прифатени и почитувани, стекнување на навика за одржување и вреднување на изработките како и развивање на креативноста како битен сегмент од развојот и напредувањето. Учениците и наставниците заеднички се грижат за уредување на паноата во училниците, одржување на катчињата со ученички изработки во училишните холови, како и тековно одржување на хигиената во училишниот двор.

Тимот кој ќе изготви Програма за естетско и функционално уредување на просторот и опкружување на училиштето ќе предвиди активности за реализација на Планот за естетско уредување на училишните холови и простории и задолжително истакнување на клучните точки од Кодексот на однесување во училниците и другите простории во училиштето. Ќе се предвидат и употребните ресурси за реализација. (Одговорни наставници ке бидат сите оние кои ќе покажат интерес, а координатор на целокупната работа ќе биде наставникот по ликовно образование).

Тим наставници и други членови:

1. Елена Димова Пантелиќ;

2. Радка Ѓорѓиева;

3. Маринела Пановска;

4. Анастасија Блажевски;

5. Претставник од Ученички парламент.

*19.3. Етички кодекси*

Училиштето има изготвено кодекси за однесување за сите субјекти вклучени во воспитно-образовната дејност:

- Етички кодекс за учениците;
- Етички кодекс за наставниците;
- Етички кодекс за родители и
- Етички кодекс за другите вработени.

Сите точки на етичките кодекси во текот на учебната 2025/2026 година ќе се разгледуваат повторно, ќе се преработат, квалитетно ќе се подобрат и ќе се постават на видно место во училиштето, а ќе се почитуваат, без исклучоци. Во текот на

септември, одговорниот наставник на секоја генерација треба да спроведе анкета за идеите за иновирање на сите етички кодекси. Одговорен на целокупната активност е претседателот на Стручниот актив на одд. настава.

*19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето*

Во училиштето постои ефективна комуникација помеѓу сите учесници, која се базира на вистински вредности и придонесува за подобрување на општата клима и меѓусебните односи. Конструктивната соработка меѓу директорот, училиштниот одбор, советот на родители, ученичката заедница и стручните активи придонесува за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. За да се одржи и зајакне оваа соработка, вработените во училиштето, како и до сега, ќе продолжат да одржуваат формални и неформални средби, заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети, излети, како и заеднички часови. Дополнително, ќе се поттикнува соработка со невладини организации и здруженија кои поддржуваат родители на деца со посебни образовни потреби, со цел успешна интеграција на сите ученици и обезбедување на потребната поддршка за родителите.

Во текот на учебната 2025/2026 година, тим составен од претставници на сите релевантни структури ќе спроведе анализа за да идентификува критични точки во меѓусебната комуникација и ќе предложи конкретни активности насочени кон подобрување на комуникацијата и зајакнување на довербата. Овие активности ќе вклучуваат организација на заеднички состаноци, работилници и дебати, каде што ќе се дискутираат потенцијалните проблеми во комуникацијата и ќе се предлагаат нови методи и начини за подобрување.

Од спроведената анализа ќе произлезат конкретни препораки и активности кои ќе овозможат подобрување на комуникацијата во сите области, како и зајакнување на меѓусебната доверба и соработка. Особено внимание ќе се посвети на подобрување на комуникацијата со родителите, со цел нивно активно вклучување во формирање на позитивни навики кај нивните деца, што има значајна улога во целокупниот развој на учениците и нивното обликување како одговорни и зрели граѓани.

Членови на тимот:

- Весна Начарова-педагог
- Љубица Мишкова-секретар
- Претставник од Совет на родители
- Јулијана Нацева-наставник
- Благородна Јосимовска-наставник
- Љупчо Николовски-наставник
- Елизабета Кимова-хигиеничар
- Претставник од Ученички парламент

## <u>20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар</u>

*20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Професионалниот развој претставува динамичен и континуиран процес кој постојано се надоградува и усовршува со цел обезбедување повисок квалитет и поголема ефикасност во работењето на училиштето. Клучна улога во овој процес има успешно раководење и стратешко управување со наставниот кадар, кое овозможува идентификување и задоволување на професионалните потреби на наставниците. Во училиштето функционира тим за професионален развој составен од директорот,

стручните соработници, претседателите на стручните активи и наставниците, кој редовно ја анализира и детектира потребата од професионално усовршување на наставниот кадар. Овој тим ја планира и координира активностите за развој и обука, имајќи ја предвид динамиката на образовниот процес и промените во општеството.

Наставниците имаат особена одговорност да се прилагодат на новите општествени и образовни барања, па затоа континуираното образование и стручно усовршување се од суштинско значење за нивниот професионален развој. Училиштето активно поддржува и поттикнува наставниците да учествуваат во различни форми на континуирано образование, како што се обуки, семинари, работилници, конференции и трибини, кои се организираат од страна на Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), невладини организации и други релевантни институции. При тоа, училиштето посветува внимание и на концептот на доживотно учење, како основен принцип за професионален раст и развој на образовниот кадар. Потребите за усовршување се дополнително поткрепени и од констатациите од изработените самоевалуации и интегрални увиди во работата на наставниците, со што се овозможува поцелен и ефективен пристап кон нивната поддршка и напредок.

Стручната служба во училиштето води детални и професионални досиеја за секој наставник, во кои се бележат сите активности поврзани со нивниот професионален развој. Овие досиеја служат како основа за следење на напредокот и планирање на идните обуки. Дополнително, еден од важните елементи во професионалниот развој е и систематската дисеминација на стекнатото знаење и искуство од посетените обуки и семинари. Со цел сите наставници да имаат корист од новите сознанија и методологии, училиштето организира интерни презентации и едукации, со што се обезбедува ширење на најдобрите практики и иновации во воспитно-образовниот процес. На овој начин, училиштето создава стимулативна и поддржувачка средина за професионален развој, која го охрабрува наставниот кадар постојано да се усовршува и да ги применува новите знаења и вештини во својата секојдневна работа, со што директно се придонесува кон подигање на општото квалитетно ниво на образование.

*20.2. Активности за професионален развој*

Приоритетите за професионалниот развој на наставниците ќе бидат утврдени врз основа на деталните извештаи и евалуации од работата на училиштето, кои редовно се изготвуваат како дел од внатрешните и надворешните проверки. Овие извештаи обезбедуваат јасна слика за моменталната состојба, предизвиците и потребите на образовниот кадар, што овозможува поставување на приоритети кои се целосно усогласени со реалните потреби на наставниците и образовниот процес во целина. Особено значајни за професионалниот развој се советувањата, стручните подготовки и обуките кои ги организираат релевантните институции, како што се Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука, како и други национални и меѓународни стручни организации кои се специјализирани во областа на воспитно-образовниот процес. Овие активности овозможуваат наставниците да бидат запознаени со најновите образовни политики, методологии и иновации, како и со актуелните трендови во образованието.

Покрај тоа, училиштето активно ја презема одговорноста за организирање и спроведување на интерни стручно-образовни активности, кои се фокусираат на конкретните потреби на својот наставен кадар. Овие интерни обуки, семинари и

работилници се планираат и реализираат во согласност со конкретните предизвици и интереси на наставниците, со цел да се овозможи практично и директно усовршување на нивните професионални компетенции. Во согласност со утврдените потреби за професионален развој, училиштето организира и дисеминација на знаењето стекнато преку посетените обуки и семинари, со што се овозможува широка примена на новите методи и техники во воспитно-образовниот процес. Оваа размена на знаења и искуства ги охрабрува наставниците да применуваат иновативни и современи пристапи во својата работа, со што се унапредува квалитетот на наставата и успешноста на учениците. Севкупно, овие мерки и активности создаваат систематски и координиран пристап кон професионалниот развој на наставниците, кој постојано се прилагодува на потребите на образовната заедница и на промените во општеството. На тој начин, училиштето ја поттикнува континуираната едукација и усовршување на наставниот кадар, што е клучно за обезбедување на висок стандард на образовниот процес и за успешно остварување на воспитно-образовните цели.

*20.3. Личен професионален развој*

Личниот професионален развој на наставниците подразбира нивна индивидуална мотивација за континуирано учество во семинари, обуки и процеси на сертифицирање и вреднување. Ова им овозможува поуспешно вклучување во конференции, регионални собири и учество во пишување на стручни рубрики или статии во релевантна литература, што придонесува за нивниот професионален раст и развој. Училиштето преку стручните активи организира различни форми на пренесување и размена на знаења и професионални искуства, вклучувајќи отворени часови и работилници. Во текот на учебната година е предвидено да се реализираат посети и анализи на наставните часови. По секоја посета, наставникот има консултација со тимот кој ја спровел посетата, составен од директорот и членовите на стручната служба. Во рамки на овие консултации се дискутираат позитивните страни на часот, како и се даваат препораки и насоки за надминување на евентуалните слабости, со цел непрекинато унапредување на квалитетот на наставата.

*20.4. Хоризонтално учење*

Хоризонталното учење претставува организирана и систематска размена на знаења и професионални искуства, која се одвива внатре во училиштето или меѓу повеќе училишта. Овој процес се реализира преку стручни активи, организирање отворени часови, работилници и слични активности. Наставниците се учат едни од други и постигнуваат подобри резултати преку различни форми на хоризонтално учење.

Во училиштето се реализираат активности кои овозможуваат развој на ова учење како составен дел од организацијата, а тоа вклучува:

- Собирање и анализа на информации за можности за стручно усовршување, како што се:
- Стручна литература достапна за наставниците;
- Семинари и други професионални активности на кои учествуваат наставниците;
- Акредитирани програми за стручно усовршување (каталог на програми);
- Размена на искуства меѓу наставниците во рамките на училиштето и со колеги од други училишта;

* Информации од Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО) за активности планирани во учебната 2025/2026 година.

Во училиштето се организираат работилници, дебати, дискусии и презентации на кои можат да учествуваат и наставници од други училишта, присуствувајќи физички или онлајн. На овие настани се обработуваат важни теми поврзани со воспитно-образовниот процес, со посебен акцент на меѓупредметната корелација. Семинарите во училиштето се реализираат според различни програми, кои се базираат на конкретните потреби на наставниците. Обуките се одржуваат и онлајн и во живо, под водство на обучувачи од училиштето или од надворешни експерти. Отворените, односно нагледните часови, ќе се организираат на ниво на одделенска и предметна настава, како и на ниво на стручни активи. При изборот на теми за овие часови се внимава тие да бидат релевантни и интересни за што е можно поголем број наставници, како на пример: современи интерактивни техники и методи на наставата, учење и оценување, користење на информациско-комуникациски технологии (ИКТ) во наставата и реализација на разни проектни активности.

Менторството за наставник-приправник е процес во кој поискусни наставници ја даваат потребната поддршка на студенти или наставници кои се на почетокот од својата кариера, со цел полесно да се адаптираат и стекнат практично искуство за успешно завршување на приправничкиот стаж. Овој менторски процес е корисен и за менторите, бидејќи им овозможува да го развиваат своето професионално знаење и вештини. Менторството не се ограничува само на наставниците-приправници, туку се однесува и на размена на искуства и идеи меѓу сите наставници, со цел подобрување на наставниот процес.

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Акцискиот план ќе биде прилагодуван тековно според приоритетите и потребите на наставниот кадар. На крајот на учебната година се изготвува Извештај за имплементација, кој влегува во интерната евалуација на училиштето.

| Активност | Носители на активноста | Време на реализација | Очекувани исходи | Начин на следење | Критериуми за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Размена на добри практики меѓу наставници (набљудување часови, споделување материјали) | Сите наставници, педагози, психолози, директор | Октомври – мај (еднаш месечно) | Унапредени наставни практики, меѓусебно учење | Извештај за реализирана размена, дневник за самоевалуација | Мин. 70% наставници да реализираат најмалку 2 разменски активности |
| 2. Тематски интерни работилници по стручни активи (на пр. оценување, | Раководители на стручни активи, стручна служба | Секој месец, според годишен календар | Продлабочени вештини и знаења по теми избрани од наставниците | Списоци на присуство, анкетни листи | Реализација на најмалку 8 тематски средби годишно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| инклузија, мотивација) | | | | | |
| 3. Внатрешни обуки од наставници/стручни соработници кои биле на надворешна едукација (cascade learning) | Наставници кои посетиле обуки/семинари | По потреба (најдоцна 1 месец по завршување на обуката) | Множење на ефектите од индивидуалниот развој | Потпишан извештај/презентација до колеги | Мин. 80% пренос на искуства по посете на обука |
| 4. Формирање тим за поддршка на наставници со потешкотии во примената на нови методи | Стручна служба, искусни наставници | Октомври 2024 | Обезбедена индивидуална поддршка во наставната практика | Список на поддржани наставници, план за работа | Поддржани 100% наставници кои сами или преку евалуација побарале помош |
| 5. Заедничко планирање меѓу наставници од различни предмети/одделенија (интердисциплинарен пристап) | Стручни активи, координатори | Ноември 2024 – април 2025 | Развивање на меѓупредметна соработка и креативност | Планови за интердисциплинарни часови, фото и видео-документација | Реализирани најмалку 3 интердисциплинарни активности до крај на годината |
| 6. Воведување на peer-coaching (наставник-на-наставник) | Стручна служба, наставници со искуство | Јануари – јуни 2025 | Ојакнување на меѓусебната поддршка и професионален дијалог | Белешки од посети, повратна информација | Мин. 50% наставници учествуваат како „коуч“ или „набљудувач“ |
| 7. Организација на „Отворен ден за учење“ (внатрешна конференција) | Стручна служба, директор, наставници | Мај 2025 | Споделување успешни примери, афирмација на наставен кадар | Програма, презентации, извештај | Учествуваат најмалку 60% наставници; 10+ примери споделени |
| 8. Евалуација на ефектите од хоризонталното учење | Тим за евалуација, стручна служба | Јуни 2025 | Анализа на влијанието врз квалитетот на наставата | Анкети, самоевалуации, извештај | Над 75% наставници го оценуваат процесот како „корисен“ |

*20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Стручната служба ќе води евиденција за напредокот на секој кандидат преку лично досие и редовни состанци за поддршка. Ќе се прави полугодишна евалуација на планот, а на крајот од учебната година се изготвува извештај со постигнати резултати и предлози за следната година.

ПЛАН ЗА ПОДДРШКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР ЗА КАРИЕРНО НАПРЕДУВАЊЕ

| Активност | Носители | Време на реализација | Цел | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| 1. Информирање за можности за кариерно напредување (степени, звања, процедури) | Стручна служба, директор | Септември 2024 | Запознавање со условите за напредување | Наставниците се запознаени со критериумите за звања: ментор, советник, самостоен наставник |
| 2. Идентификување наставници кои имаат услови за напредување | Стручна служба | Октомври 2024 | Индивидуално насочување и поддршка | Изработени лични планови за развој за наставници кои сакаат да напредуваат |
| 3. Оформување менторска мрежа за поддршка (ментори за наставници во прва 5-годишна фаза) | Искусни наставници, стручна служба | Октомври – мај | Обезбедување професионална поддршка | Овозможена континуирана менторска поддршка за нови наставници |
| 4. Организирање интерни обуки и работилници за развој на наставни компетенции (оценување, планирање, инклузија, дигитални алатки) | Стручна служба, раководители на активи | Октомври – мај | Унапредување на практични вештини за повисоки звања | Одржани најмалку 5 тематски обуки со активна вклученост |
| 5. Поддршка во изработка на професионално портфолио | Педагошко-психолошка служба | Ноември – април | Техничка и содржинска поддршка за документација | Завршени и поднесени професионални портфолија за напредување |
| 6. Поттикнување за учество на надворешни обуки, семинари и конференции | Директор, наставнички совет | Тековно | Стекнување нови компетенции и признанија | Вклучени наставници со сертификати и признанија за надворешни едукации |
| 7. Пишување и реализација на проекти и истражувања | Тим за развој на квалитет, заинтересирани наставници | Тековно | Афирмација на иновативност и истражувачки пристап | Барем 3 наставници вклучени во проекти или истражувања |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. Споделување на добри практики и јавно презентирање на резултати (отворени часови, панели, собири) | Наставници-кандидати за напредување | Јануари – мај | Докажување на стручност и резултати | Презентации на најмалку 5 добри практики пред колеги |

## 21. Соработка на училиштето со родителите/старателите

*21.1. Вклученост на родителите/старателите*

Родителите на нашите ученици се важни партнери кои придонесуваат за подобрување на квалитетот и ефикасноста на нашето работење. Преку нивните претставници во Советот на родители и Училишниот одбор, тие имаат можност да влијаат врз донесувањето одлуки и функционирањето на училиштето. Претставниците на родителите ги информираат другите родители за планираните училишни активности и, истовремено, ги пренесуваат нивните идеи и предлози со цел поуспешна реализација на настани како што се екскурзии, излети, спортски активности, предавања од стручни лица и слично. Нивното мислење го цениме, ги слушаме нивните предлози и активно ги вклучуваме во сите активности кои се реализираат во училиштето во текот на учебната година.

СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

**1.Индивидуални средби**

* Информирање за успехот и поведението на учениците

**2.Родителски средби**

* Редовни
* Вонредни (доколку има потреба)

**3.Вклучување на родители во воспитно-образовна работата работа**

* Активно вклучување на родителите во уредување на училницата и обезбедување заеднички материјали за работа;
* Избор на родителски претставници од паралелката за членство во Советот на родители;
* Прифаќање и почитување на Куќниот ред на училиштето;
* Информирање на родителите за целите, задачите и начинот на реализација на наставата;
* Презентација на наставниот план и програма за соодветното одделение за учебната 2024/2025 година;
* Договор за соработка со родителите во поддршка на реализирање на планирани активности, посети и набљудувања;
* Договор за начинот на одржување родителски средби и определување ден за индивидуални средби со родителите;
* Редовно информирање на родителите за постигнувањата и резултатите на учениците во текот на учебната 2024/2025 година.

**4.Вклучување на родители во манифестации кои ги организира училиштето**

- Вклучување на родителите во организација и реализација на одбележувања на Денот на училиштето, како и други празници и училишни манифестации.

**5.Работилници со родители и штандови**

- Соработка во организирање на разни хуманитарни акции

План за индивидуални средби

Индивидуалните средби ќе се одржуваат во определен ден во текот на една седмица, по потреба можат да бидат и секојдневни.

Цели на родителска средба

Преку родителските средби, родителите имаат можност:

- Да се информираат за наставните планови и програми по сите предмети, очекуваните постигнувања и критериумите за оценување;
- Да се запознаат со планираните екскурзии, излети, едукативни посети и активности на терен;
- Да добијат информации за ученичкиот весник, начинот на исхрана и постапката за уплата;
- Да бидат редовно известувани за напредокот, однесувањето и присуството на своите деца;
- Да се договорат за термин за приемен ден наменет за индивидуални или групни средби со наставници;
- Да се поттикне отворена и доверлива соработка меѓу училиштето и родителите;
- Да учествуваат во спроведување на програми и заеднички проекти насочени кон доброто на учениците.

План за родителски средби

**Септември**

- Организација на работата на училиштето (настава и престој);
- Запознавање на родителите со Наставниот план и програма за работа во учебната 2025/2026 година;
- Запознавање со критериумите и стандардите за оценување;
- Тековни прашања и информации.

**Ноември**

- Разгледување на успехот, поведението и дисциплината кај учениците во првиот класификационен период во учебната 2025/2026 година;
- Индивидуално соопштение на успехот на учениците преку евидентни листи;
- Тековни прашања.

**Јануари**

- Известување на родителите за постигнатиот успех на крајот од првото полугодие од учебната 2025/2026 година;
- Давање совети и упатства за правилно користење на зимскиот распуст;
- Тековни прашања

**Април**

* Разгледување на успехот, поведението и дисциплината во третото тримесечие од учебната 2025/2026 година;
* Индивидуално соопштување на успехот на учениците преку евидентни листи;
* Тековни прашања.

**Јуни**

* Информирање за реализација на Наставниот план и програма за учебната 2025/2026 година;
* Информирање за успехот, поведението и дисциплината на учениците;
* Свечено доделување на сведителства.

*21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности*

Активното учество на родителите/старателите во процесот на учење има за цел одржување на стабилна врска меѓу наставникот, ученикот и родителот, како основа на воспитно-образовниот процес. Токму затоа се креирани и предвидени различни активности за унапредување на соработката со родителите.

Родителски средби

Предвидени се пет родителски средби на кои, освен што ќе се дискутира за постигнувањата и однесувањето на учениците, ќе се разгледуваат и можностите за унапредување на условите во училиштето, како и тековните случувања поврзани со неговото функционирање.

Индивидуални родителски средби

Планирани се посебни приемни денови за индивидуални средби со родителите, со однапред утврдени термини, за да не се нарушува текот на наставата. Овие средби ќе бидат фокусирани на индивидуалниот воспитно-образовен напредок на ученикот, како и на неговата целосна социјализација во училишната средина.

Начин на известување на родителите за успехот на учениците

Родителите за успехот на учениците ќе бидат известувани на следниов начин:

**- усно** (во текот на индивидуалните средби)

**- писмено** (преку евидентни листови)

Вклучување на родителите во планираните активности на училиштето

Во текот на учебната година, родителите, во согласност со тематските области и наставната програма, ќе се вклучуваат во активности кои се поврзани со нивните професии или занаети. Со тоа, тие ќе придонесат кон поквалитетна реализација на наставните цели и содржини. Овој тип на планирана соработка ќе овозможи систематско следење и поддршка на развојот на учениците, а секој родител, преку своето учество, ќе придонесе за подобрување на образовниот и личносен развој на детето. Преку постојана координација и ефективна комуникација со родителите, развојот на учениците ќе биде континуирано следен и насочуван во позитивна насока.

Главни цели за соработка со родителите

Преку активно вклучување на родителите и континуирана соработка со училиштето, се обезбедува навремено информирање на родителите за училишниот живот и активностите, што придонесува за поголема ефективност во воспитно-образовниот процес.

Посебни цели за соработка со родителите

Преку индивидуалните средби, родителот добива директни и прецизни информации за своето дете, со што стекнува реална претстава за неговите резултати и секојдневни активности во училиштето. Во исто време, наставникот добива повратни информации од родителот за учениковото однесување и функционирање во семејството, неговите лични потреби, видот на поддршка што ја добива од блиските и други релевантни аспекти. На ваквите средби се утврдува и степенот на совладаност на наставните содржини, при што се даваат конкретни насоки за подобрување на успехот, доколку постои потреба. Дополнително, се дискутира и за евентуални предизвици со кои се соочува ученикот, како што се здравствени, социјални или педагошки проблеми.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Во рамки на годишната програма за работа, училиштето изготвува План за едукативни работилници и конкретни облици на соработка со родителите/старателите, со цел да се зајакне партнерството меѓу училиштето и семејството и да се поддржи развојот на учениците во сите сфери.

Во текот на учебната 2025/2026 година, се планираат низа едукативни работилници и обуки за родителите/старателите, со следниве теми:

- **„Позитивно родителство и поставување граници“** – наменета за родители на ученици од I до V одделение, со цел да се зајакнат родителските вештини и комуникацијата дома. Работилницата ќе ја реализираат педагог и психолог на училиштето во месец октомври 2025 година.
- **„Како да препознаеме стрес и анксиозност кај децата“** – за родители на ученици од VI до IX одделение, со цел навремена психо-едукативна интервенција. Работилницата ќе се реализира во ноември 2025 од страна на стручната служба.
- **„Безбедност на интернет“** – обука за сите родители, во соработка со наставникот по информатика и инспектор за кибер-безбедност. Работилницата е планирана за јануари 2026 година.
- **„Професионална ориентација: улогата на родителот во изборот на средно училиште“** – работилница за родители на ученици од VIII и IX одделение, реализирана од тимот за професионална ориентација во март 2026.
- **„Како да соработуваме со училиштето“** – отворена работилница за сите родители, која ќе се одржи во април 2026, со цел унапредување на комуникацијата меѓу училиштето и семејствата. Ќе ја реализира стручната служба и директорот.

Дополнително, училиштето ќе спроведува и облици на редовна соработка со родителите, преку:

- тримесечни родителски средби со можност за индивидуални разговори по потреба,
- анкети и прашалници за мислењата и потребите на родителите,
- отворени денови со презентација на активности и ученички постигнувања,

* вклучување на родители како гости/волонтери во активности поврзани со занимања, вештини или животни искуства.

Начини на информирање на родителите

Родителите/старателите ќе бидат редовно информирани за планираните работилници и активности преку:

* **флаери** со теми поврзани со родителството, безбедноста и психо-социјалната поддршка,
* **брошури** – „Водич низ училиштето" со права и обврски на родителите,
* **плакати** со кратки совети, поставени на видно место во училиштето,
* **електронски канали** – веб-страница, социјални мрежи и Viber групи, преку кои одделенските раководители ќе ги информираат родителите за сите активности.

За реализација на овие активности, финансиските средства ќе бидат обезбедени од училишниот буџет, евентуални донатори и преку поддршка од Советот на родители.

Носители на активностите се стручната служба (педагог, психолог, специјален едукатор), одделенските раководители, директорот, наставници по соодветни предмети и надворешни соработници/експерти од релевантни институции.

На крајот на секоја работилница или циклус активности ќе се спроведе кратка евалуација (анкета или усно интервју) за да се утврди нивната ефективност и да се адаптираат идните содржини според реалните потреби на родителите и семејствата.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Односите со јавноста претставуваат значаен фактор за воспоставување на квалитетна и взаемно корисна двонасочна комуникација. Тие играат клучна улога во градењето и одржувањето на позитивниот имиџ на институцијата во јавноста. Во последните години, со забрзаниот развој на интернет-комуникацијата, особено на социјалните медиуми, се отворија нови можности за интеракција и размена на содржини помеѓу широк број на корисници, овозможувајќи побрза и подостапна соработка. Нашето училиште постојано реализира културни, едукативни и воспитни активности во партнерство со жителите и институциите од Локалната заедница. Преку овие активности и остварувања, во соработка со образовни установи, претпријатија и други локални организации, учениците ги претставуваат своите знаења, умешности и резултати пред јавноста и медиумите, со што се зајакнува видливоста и афирмацијата на училиштето.

Локална зедница

Во партнерство со локалната заедница, училиштето ќе продолжи да ги реализира сите планирани активности со цел обезбедување квалитетен воспитно-образовен процес. Активностите ќе бидат насочени кон активно вклучување на локалното население и родителите во спроведување на училишни проекти, организирање на различни манифестации по повод значајни настани, јубилеи и прослави, како и иницијативи за еколошка акција, унапредување на наставниот процес и афирмација на училиштето. Ќе се организираат состаноци, дискусии, трибини, дебати, посети на институции и локални компании, како и собири поврзани со значајни случувања во училиштето. Остварените резултати ќе бидат промовирани преку медиумите и други печатени или електронски канали на комуникација. Локалната заедница ќе биде редовно информирана за сите реализирани активности преку усна, писмена или електронска форма. Овој пристап ќе придонесе за градење доверба, создавање позитивна клима и афирмативно мислење за училиштето како активен и вреден дел од заедницата.

Институции од областа на културата

И во текот на учебната 2025/2026 година, училиштето ќе ја продолжи континуираната соработка со културните институции, кои имаат значајна улога во воспитно-образовниот процес. За учениците ќе се организираат посети на театарски претстави во Народниот театар „Јордан Х.К.Џинот“, Народниот музеј, Градската библиотека „Гоце Делчев“, историски локации и споменици на културата, како и на ликовниот салон во Велес. Учениците активно ќе учествуваат на литературни и ликовни конкурси организирани во локалната и пошироката заедница.

Институции од областа на образованието

Училиштето одржува отворена и продуктивна соработка со Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), Државниот просветен инспекторат (ДПИ), Сојузот за грижа и воспитување на деца на РСМ, како и со детските градинки, основни и средни училишта. Размената со основните училишта од општината, државата и пошироко се реализира преку наставни и вонаставни активности, одбележување на значајни настани и датуми, учество во конкурси, натпревари и културно-спортски манифестации. Соработката со средните училишта се

реализира преку културно-образовни иницијативи и посети за професионално информирање и ориентирање на учениците.

Невладини организации

Во рамките на планираната соработка со локалната заедница, училиштето ќе продолжи да гради партнерства и со невладини организации. Најзначајна е соработката со ЕД „Вила Зора", која е веќе воспоставена во повеќе области на воспитно-образовниот процес и воннаставните активности. Во училиштето функционира и огранок на ова здружение со околу четириесет ученици. Покрај тоа, училиштето ќе продолжи со партнерство со Црвениот крст – Општинска организација Велес, како и со организации како ИО „Димитар Влахов", ГА „Фокус", Мобилност – Велес и Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците".

Спортски друштва

Во насока на унапредување на физичкото здравје и личниот развој на учениците, училиштето формираше Училиштен спортски клуб „Блаже Конески" – Велес, кој активно ќе соработува со новоформираните училишни спортски клубови и со сите спортски друштва на општинско ниво. Оваа соработка ќе опфати активности од различни спортови и ќе придонесе за здрав и активен животен стил кај учениците.

Здравствени организации

Училиштето одржува редовна комуникација и соработка со здравствени институции како Медицинскиот центар, Центарот за јавно здравје, Општата болница – Велес, Центарот за социјална работа – Велес, Заводот за ментално здравје на деца и младинци – Скопје, како и со Стручното тело за проценка според МКФ. Оваа соработка има за цел поддршка на ученици со специфични потреби. Исто така, ќе продолжи заедничката работа со Центарот за јавно здравје околу контролата на безбедноста на храната која се нуди околу училиштето, како и проверката на квалитетот на храната и услугите во училишната кујна.

Медиуми

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето се одвива транспарентно и е јавно достапен. Покрај резултатите од ученичките успеси на натпревари по знаење, пред јавноста се презентираат и достигнувањата од сите реализирани проектни активности, како и учества на забавно-спортски натпревари, телевизиски емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации. Информирањето за ученичките активности се одвива постојано во текот на целата учебна година. Како и секое модерно училиште, и нашето има потреба од промовирање на својата работа и резултати, при што медиумите играат значајна улога. Транспарентноста на училиштето се овозможува преку активна соработка со телевизиски и радио станици, како и преку присуство на програмите на националната телевизија, што придонесува за информирање и афирмација на работата на училиштето пред пошироката јавност.

Активностите и постигнувањата на училиштето, исто така, ќе се презентираат преку различни пишани материјали – флаери, информативни брошури за родителите подготвени на почетокот од учебната година. Дополнително, информациите ќе бидат објавувани и онлајн, преку официјалната веб-страница на училиштето www.blazekoneskiveles.com, фан-страницата на Facebook и Instagram, како и преку

локалните интернет портали. Планирана е и натамошна соработка со печатени медиуми и списанија за деца и млади, со цел поширока промоција на училишните активности и успеси.

**23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа**

Во текот на учебната 2025/2026 година, следењето на имплементацијата на активностите предвидени со Годишната програма за работа на училиштето ООУ „Блаже Конески“ ќе се спроведува систематски, континуирано и евидентно, со цел да се обезбеди навремено извршување на сите планирани содржини, квалитетна реализација на наставата и ефективно управување со ресурсите.

Приоритетните подрачја за следење ќе бидат:

* Остварување на воспитно-образовните цели и задачи;
* Реализација на наставата и воннаставните активности;
* Работата на стручните активи и тимови;
* Спроведувањето на програмите за поддршка на учениците;
* Примената на индивидуалните образовни планови (ИОП);
* Спроведување на професионалниот развој на наставниците;
* Поддршка на ученици со СОП, ранливи категории и талентирани ученици;
* Почитување на законската регулатива, актите на училиштето и процедурите.

Начинот на следење на реализацијата ќе вклучува:

* Набљудување на наставата и училишните активности од страна на директорот и стручната служба;
* Водење на евиденции и записи од состаноци на стручните тимови и активи;
* Редовни месечни и тримесечни извештаи за реализација на активностите;
* Анализа на индикатори на квалитет (ученички постигнувања, присутност, ангажираност на наставници, повратни информации од родители и ученици);
* Интерна евалуација и самоевалуација на работата;
* Изработка на писмени извештаи по завршување на секој класификациски период.

Времето на следење ќе биде распоредено низ целата учебна година, со периодични проверки на месечно, тримесечно и крај на полугодие, како и по завршување на клучните активности (екскурзии, проекти, едукативни настани, стручни обуки и сл.).

Одговорни лица за следењето на реализацијата ќе бидат:

* Директорот на училиштето – за следење на реализацијата на целокупната програма и законитоста на дејствувањето;
* Стручната служба (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор) – за следење на воспитниот процес, ученичката поддршка, податоци од анализи и извештаи;

* Тимот за следење на ГПР – формиран на ниво на училиштето со претставници од наставниот кадар, одделенските раководители и административниот кадар;
* Раководители на стручни активи – за следење на реализацијата на наставните цели и професионалниот развој на наставниците.

Лица и органи што ќе бидат информирани за резултатите од следењето:

* Наставничкиот совет – редовно, на состаноци;
* Училишниот одбор – преку тримесечни и годишни извештаи;
* Советот на родители – за активности што ги засегаат родителите и учениците;
* Локалната самоуправа – преку официјални извештаи;
* Министерството за образование и наука – ако е предвидено со програмите за надворешна евалуација или други национални активности.

Преку ваквиот плански пристап, училиштето ќе обезбеди видливост, отчетност и навремена реакција во однос на реализацијата на секоја планирана активност, при што ќе се овозможи квалитетно образовно искуство за учениците и професионален развој за наставниот кадар.

## 24. Евалуација на Годишната програма за работа

Евалуацијата на Годишната програма за работа претставува клучен елемент за ефикасното функционирање на училиштето. За да се добие целосна слика за реализираните активности во текот на учебната година, училиштето ќе спроведе сеопфатна евалуација на сите предвидени активности од програмата. Во овој процес ќе бидат земени предвид искуствата и придонесите на сите учесници вклучени во реализацијата на програмата.

Посебен акцент ќе се стави на прибирање на релевантни податоци и докази во однос на индикаторите и критериумите за успех, со цел да се изведат јасни заклучоци и да се предложат конкретни препораки. Податоците ќе се собираат преку различни инструменти како прашалници, записници, службени документи, протоколи, интервјуа, дискусии, анализа на работата на учениците, набљудувања и независни евалуациски извештаи.

Целта на евалуацијата е да се утврдат предностите и слабостите во работењето на училиштето и врз основа на тоа да се изгради стратегија за унапредување на квалитетот на образовниот процес. По завршување на евалуацијата ќе се изготви извештај, кој ќе послужи како основа за нови сознанија и насоки за понатамошно професионално усовршување на вработените и за подобрување на целокупната работа на училиштето.

## 25. Заклучок

Годишната програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ – Велес за учебната 2025/2026 година претставува суштински документ кој ги определува основните насоки, цели и приоритети во работата на училиштето. Таа е резултат на внимателно планирање, темелна анализа на претходните реализирани активности и идентификување на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес. Изготвена е врз основа на законската регулатива, Статутот на училиштето, резултатите

од интерната и надворешната евалуација, како и потребите на учениците, наставниот кадар, родителите и заедницата.

Во програмата се опфатени сите аспекти на работата на училиштето: организацијата и реализацијата на наставата, воннаставните и слободните активности, активностите за поддршка на учениците, програмите за професионален развој на наставниците, зајакнување на соработката со родителите, како и механизмите за следење, евалуација и унапредување на квалитетот на наставниот процес.

Особено внимание е посветено на инклузивноста, дигиталната писменост, еколошката свест, градењето позитивна училишна клима и јакнењето на личниот и академскиот развој на секој ученик. Преку реализација на едукативни работилници, натпревари, проекти и соработка со локалната заедница, училиштето ќе продолжи да создава средина во која секое дете ќе се чувствува прифатено, мотивирано и поддржано.

Професионалниот развој на наставниците и стручните соработници е структуриран преку хоризонтално учење, обуки, интерни менторства и размена на добра практика. Предвиден е и акциски план за нивно кариерно напредување, базиран на јасни индикатори, евалуација и соодветна поддршка.

Во текот на годината, реализацијата на програмата ќе се следи преку редовна анализа на поставените цели, мерење на постигнувањата и навремено информирање на сите засегнати страни: наставници, ученици, родители, Училишниот одбор и локалната самоуправа. Стручната служба и директорот ќе имаат клучна улога во координирањето и поддршката на сите активности.

Со оваа Годишна програма, училиштето го потврдува својот континуиран стремеж кон квалитетно образование, развој на современи наставни практики и активна вклученост на целокупната училишна заедница. Целта е не само академски успех, туку и оформување одговорни, самостојни и социјално свесни млади личности, подготвени за животот и предизвиците на 21-от век.

## 30. Комисија за иработка на Годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма за работата на ООУ „Блаже Конески“ - Велес ја изработи тим во состав:

1. Маја Коруновска – Директор
2. Пенчо Андреев – педагог
3. Ангела Спасевска – психолог
4. Марија Јорданов – специјален едукатор и рехабилитатор
5. Маја Стојановска – одделенски наставник
6. Весна Јовевска – одделенски наставник
7. Елизабета Циунова – предметен наставник
8. Весна Мешкова – предметен наставник
9. Теа Гајдова – Претседател на Ученичкиот парламент

## 31. Користена литература


* Закон за основно образование;

ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВЕЛЕС
ул. Љубљанска бр. 1 Велес тел.043/222-090
e-mail:oublazekoneski@yahoo.com www.blazekoneskiveles.com

Врз основа на член 108 став 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20 и 81/25 година) и член 16 од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Училишниот одбор при ООУ „Блаже Конески“ – Велес ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ... УЧИЛИШТЕ
03-528/11
09.07.25 год.

# ОДЛУКА

## За усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ – Велес за учебната 2025/2026 година

### Член 1

Училишниот одбор при ООУ „Блаже Конески“ - Велес во согласност со член 108 став 1 од Законот за основно образование и член 16 од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, ја усвои Годишната програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ – Велес за учебната 2025/2026 година.

### Член 2

Училишнот одбор при ООУ „Блаже Конески“ – Велес на редовна работна седница одржана на ден 8.7.2025 година на предлог на Директорот ја разгледа и усвои Годишната програма за работа на училиштето, која електронски беше доставена на сите членови на Училишен одбор.

### Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на Училишен одбор

________________________

Петар Петков

* Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта,
* Закон за работни односи,
* Закон за организација и работа на органите на државната управа и др. закони;
* Стратегија за образование 2018-2025 година;
* Подзаконски и интерни акти и правилници;
* Наставни планови за воспитно-образовната работа во основното училиште;
* Концепција за деветгодишно образование;
* Концепција за воннаставни активности
* Статут на училиштето;
* План и програма за развој на училиштето;
* Извештај од самоевалвација за работата на училиштето;
* Извештаи (Полугодишен и Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, Извештај од самоевалвација, )
* Извештај од финансиското работење на училиштето, записници);
* Кадровски и материјални услови на училиштето;
* Правилници, кодекси, деловници за работа на Училишниот одбор, Советот на родители, етички кодекси за однесување на структурите во училиштето;
* Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

Велес, 7.7.2025 година

Директор

Маја Коруновска

МП

Претседател на Училишен одбор

Петар Петков